| **45.** | Одлука за издвојување на Секторот за истражување на Јавното претпријатие Македонска радио телевизија | МРТВ | редовна | 81<br>19.10.2004 |
| **46.** | Одлука за издвојување на Одделението за дизајн на програмите на Јавното претпријатие Македонска радио телевизија | МРТВ | редовна | 81<br>19.10.2004 |
| **47.** | Одлука за издвојување на Секторот за маркетинг на Јавното претпријатие МРТВ | МРТВ | редовна | 81<br>19.10.2004 |
| **48.** | Одлука за давање согласност на Одлуката за склучување договор за деловно техничка соработка | МРТВ | редовна | 81<br>19.10.2004 |

*КПИИ - Комисија за прашања на избори и именувања*

## ОДЛУКИ И ИЗБОРИ ВО СУДСТВОТО И ОБВИНИТЕЛСТВОТО
## (сите по редовна постапка)




| Р.б. | А К Т | предлагач | седница |
|---|---|---|---|
| 1. | Определување на бројот на замениците на народниот правобранител | Народен правобранител | 43 20.11.2003 |
| 2. | Избор на судии на Уставниот суд на Република Македонија | КПИИ | 45 13.01.2004 |
| 3. | Разрешување на судија на Апелациониот суд во Скопје | РСС | 45 13.01.2004 |
| 4. | Разрешување на судија на Основниот суд во Дебар | РСС | 45 13.01.2004 |
| 5. | Разрешување на судија на Основниот суд Скопје 1- Скопје | РСС | 50 27.01.2004 |
| 6. | Разрешување на заменик на јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство во Охрид | РСС | 53 06.02.2004 |
| 7. | Разрешување на судија на Основниот суд во Кавадарци | РСС | 53 06.02.2004 |
| 8. | Одлука за огласување избор на судии на основните судови во Скопје 1- Скопје и Кичево | Каме Петров | 53 06.02.2004 |
| 9. | Одлука за огласување избор на претседател на Врховниот суд на Република Македонија | Каме Петров | 55 19.03.2004 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **10.** | Одлука за огласување избор на претседател на Апелациониот суд во Битола | Каме Петров | 55 19.03.2004 |
| **11.** | Одлука за огласување избор на судии на Апелациониот суд во Скопје | Каме Петров | 55 19.03.2004 |
| **12.** | Одлука за огласување избор на судија на Основниот суд Скопје 1-Скопје | Каме Петров | 55 19.03.2004 |
| **13.** | Одлука за огласување избор на судија на Основниот суд во Дебар | Каме Петров | 55 19.03.2004 |
| **14.** | Одлука за огласување избор на судија на Основниот суд во Гевгелија | Каме Петров | 55 19.03.2004 |
| **15.** | Одлука за огласување избор на судии на основните судови во Гостивар, Дебар и Кавадарци | Каме Петров | 55 19.03.2004 |
| **16.** | Разрешување на судија на Врховниот суд на Република Македонија | РСС | 55 19.03.2004 |
| **17.** | Избор на претседател на Основниот суд во Охрид | РСС | 55 19.03.2004 |
| **18.** | Одлука за огласување избор на судии на основните судови во Битола, Охрид, Прилеп, Струга, Велес, Дебар, Неготино, Скопје 1 - Скопје, Скопје 2 - Скопје и Тетово | Каме Петров | 55 19.03.2004 |
| **19.** | Одлука за огласување избор на судија на Основниот суд во Кавадарци | Каме Петров | 59 26.03.2004 |
| **20.** | Одлука за огласување избор на судија на Основниот суд во Струга | Каме Петров | 59 26.03.2004 |
| **21.** | Одлука за огласување избор на претседател на Основниот суд во Дебар | Каме Петров | 59 26.03.2004 |
| **22.** | Одлука за огласување избор на судија на Основниот суд во Дебар | Каме Петров | 59 26.03.2004 |
| **23.** | Одлука за огласување именување заменици на основните јавни обвинители на основните јавни обвинителства | Каме Петров | 59 26.03.2004 |
| **24.** | Одлука за огласување именување заменици на основните јавни обвинители на основните јавни обвинителства во Прилеп, Кичево и Струмица | Каме Петров | 59 26.03.2004 |
| **25.** | Избор на заменици на народниот правобранител | Народен право-бранител | 59 26.03.2004 |
| **26.** | Одлука за огласување избор на судија на Врховниот суд на Република Македонија | Каме Петров | 60 30.04.2004 |
| **27.** | Одлука за огласување избор на претседател на Апелациониот суд во Скопје | Каме Петров | 60 30.04.2004 |
| **28.** | Одлука за огласување избор на претседател на Основниот суд во Штип | Каме Петров | 60 30.04.2004 |
| **29.** | Разрешување на претседател и судија на Основниот суд во Куманово | РСС | 62 21.05.2004 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **30.** | Одлука за огласување избор на судија на Основниот суд во Куманово | Каме Петров | 62 21.05.2004 |
| **31.** | Одлука за огласување избор на претседател на Основниот суд во Куманово | Каме Петров | 62 21.05.2004 |
| **32.** | Разрешување на судија на Основниот суд во Гостивар | РСС | 62 21.05.2004 |
| **33.** | Разрешување на судија на Основниот суд во Битола | РСС | 62 21.05.2004 |
| **34.** | Разрешување на судија на Основниот суд во Струмица | РСС | 62 21.05.2004 |
| **35.** | Избор на судии на Врховниот суд на Република Македонија | РСС | 67 15.06.2004 |
| **36.** | Избор на судии на апелационите судови во Битола, Скопје и Штип | РСС | 67 15.06.2004 |
| **37.** | Одлука за огласување избор на судија на Основниот суд во Прилеп | Каме Петров | 67 15.06.2004 |
| **38.** | Одлука за огласување избор на судии на основните судови во Струмица, Битола и Гостивар | Каме Петров | 67 15.06.2004 |
| **39.** | Разрешување на судија на Апелациониот суд во Скопје | РСС | 70 01.07.2004 |
| **40.** | Избор на претседател на Апелациониот суд во Скопје | РСС | 70 01.07.2004 |
| **41.** | Избор на судија на Основниот суд Скопје 1- Скопје | РСС | 70 01.07.2004 |
| **42.** | Одлука за огласување избор на судии на апелационите судови во Скопје и Штип | Каме Петров | 70 01.07.2004 |
| **43.** | Одлука за огласување избор на судии на основните судови во Битола, Скопје 1- Скопје и Струмица | Каме Петров | 70 01.07.2004 |
| **44.** | Избор на претседател на Врховниот суд на РМ | РСС | 71 14.07.2004 |
| **45.** | Избор на претседател на Основниот суд во Штип | РСС | 71 14.07.2004 |
| **46.** | Избор на судии на основните судови во Гевгелија, Дебар, Кавадарци, Кичево, Скопје 1 - Скопје и Струга | РСС | 71 14.07.2004 |
| **47.** | Разрешување на судии на Основниот суд во Велес | РСС | 71 14.07.2004 |
| **48.** | Избор на судии - поротници на Основниот суд во Штип | РСС | 71 14.07.2004 |
| **49.** | Именување на јавни обвинители во Прилеп, Радовиш и Струмица | РСС | 71 14.07.2004 |
| **50.** | Именување на заменици на јавни обвинители на основните јавни обвинителства во Кочани, Прилеп, Радовиш, Свети Николе и Штип | РСС | 71 14.07.2004 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **51.** | Одлука за огласување избор на судија на Апелациониот суд во Скопје | Каме Петров | 71 14.07.2004 |
| **52.** | Одлука за огласување избор на судии на основните судови во Крива Паланка, Тетово и Радовиш | Каме Петров | 71 14.07.2004 |
| **53.** | Избор на претседател на Апелациониот суд во Скопје | РСС | 71 06.09.2004 |
| **54.** | Разрешување на судија на Апелациониот суд во Битола | РСС | 77 24.09.2004 |
| **55.** | Разрешување на судија на Основниот суд во Струга | РСС | 77 24.09.2004 |
| **56.** | Одлука за огласување избор на претседател на Основниот суд во Тетово | Каме Петров | 77 24.09.2004 |
| **57.** | Одлука за огласување избор на судии на Основниот суд во Велес | Каме Петров | 77 24.09.2004 |
| **58.** | Разрешување на судија и претседател на Основниот суд Скопје 1 - Скопје | РСС | 77 24.09.2004 |
| **59.** | Разрешување на судии на Основниот суд Скопје 1- Скопје | РСС | 77 24.09.2004 |
| **60.** | Одлука за огласување избор на судии на Апелациониот суд во Битола | Каме Петров | 81 19.10.2004 |
| **61.** | Одлука за огласување избор на претседател на Основниот суд Скопје - 1 Скопје | Каме Петров | 81 19.10.2004 |
| **62.** | Одлука за огласување избор на судии на Основниот суд во Струга и Основниот суд Скопје - 1 Скопје | Каме Петров | 81 19.10.2004 |
| **63.** | Избор на членови на Републичкиот судски совет | претсе-датели Бранко Црвенков-ски | 81 19.10.2004 |

*КПИИ - Комисија за прашања на избори и именувања*

## ДЕКЛАРАЦИИ

| Р.б. | А К Т | предлагач | постапка | седница |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Декларација за поддршка на автокефалноста на Македонската православна црква | група од 52 пратеника | редовна | 51<br>23.01.2004 |
| 2. | Декларација за поднесување на барање за членство на Република Македонија во Европската унија | пратеници | редовна | 51<br>13.02.2004 |
| 3. | Декларација за подигнување на нивото и соработката меѓу Република Македонија и НАТО | пратеници | редовна | 62<br>21.05.2004 |

## ПРОГРАМИ

| Р.б. | А К Т | предлагач | постапка | седница |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Програма за користење на средствата остварени од приватизацијата на претпријатијата со општествен капитал за 2004 година | Влада | редовна | 50<br>29.12.2003 |
| 2. | Програма за одбележување годишнини на значајни настани и истакнати личности во 2004 година | пратеници | редовна | 53<br>06.02.2004 |
| 3. | Национална програма за културата во периодот од 2004 до 2008 година | Влада | редовна | 53<br>11.05.2004 |
| 4. | Програма за одбележување годишнини на значајни настани и истакнати личности во 2005 година | Е.П.Митевска, К.Дојчиновски, М.Георгиевски, Р.Т.Каревска, Г.Сарач,Ј. Михајловски, Ф.Велиу | редовна | 77<br>29.09.2004 |

## РЕЗОЛУЦИИ

| Р.б. | А К Т | предлагач | постапка | седница |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Резолуција за развој и трансформација на одбраната | Влада | скратена, скратени рокови | 62<br>26.05.2004 |

## РАТИФИКАЦИИ

*(сите предложени од Владата)*

| Р.б. | А К Т | постапка | седница |
|---|---|---|---|
| **1.** | Закон за ратификација на Договорот меѓу Република Македонија и Европската унија за статусот и активностите на полициската мисија во Република Македонија (ЕУПОЛ "ПРОКСИМА") | итна | 49<br>12.12.2003 |
| **2.** | Закон за ратификација на Договорот меѓу Македонската влада и Владата на Сојузна Република Германија за преземање и транзитен превоз на лица *(договор за реадмисија)* | скратена | 51<br>23.01.2004 |
| **3.** | Закон за ратификација на Спогодбата меѓу Македонската влада и Владата на Сојузна Република Германија за финансиска соработка во 2003 година | скратена | 51<br>23.01.2004 |
| **4.** | Закон за ратификација на Стокхолмската конвенција за неразградливи органски загадувачи | скратена | 55<br>19.03.2004 |
| **5.** | Закон за ратификација на Меѓународната конвенција за сузбивање на терористичките напади со експлозивни направи | скратена | 50<br>06.05.2004 |
| **6.** | Закон за ратификација на Меѓународната конвенција за сузбивање на финансирањето на тероризмот | скратена | 50<br>06.05.2004 |
| **7.** | Закон за ратификација на Протоколот број 12 кон Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи | скратена | 50<br>06.05.2004 |
| **8.** | Закон за ратификација на Протоколот број 13 кон Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи во врска со укинувањето на смртната казна во сите околности | скратена | 50<br>06.05.2004 |
| **9.** | Закон за ратификација на Меѓународната конвенција за заштита на растенијата | редовна | 62<br>28.05.2004 |
| **10.** | Закон за ратификација на Конвенцијата за компјутерски криминал | скратена | 67<br>16.06.2004 |
| **11.** | Закон за ратификација на Договорот меѓу Република Македонија и Република Романија за меѓусебна правна помош во граѓанските предмети | скратена | 67<br>16.06.2004 |
| **12.** | Закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Романија за соработка во борбата против тероризмот, организираниот криминал, недозволената трговија со наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори и други нелегални активности | скратена | 67<br>16.06.2004 |
| **13.** | Закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Романија за преземање на сопствени државјани и странци | скратена | 67<br>16.06.2004 |
| **14.** | Закон за ратификација на Договорот меѓу Македонската влада и Унгарската влада за преземање на лица кои илегално престојуваат на нивните територии | скратена | 67<br>16.06.2004 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **15.** | Закон за ратификација на Меморандумот меѓу Владата на Руската Федерација и Владата на Босна и Херцеговина, Владата на Република Хрватска, Владата на Република Македонија, Владата на Србија и Црна Гора и Владата на Република Словенија за порамнување на меѓусебните финансиски побарувања во однос на порамнување на сметките од стоковиот промет меѓу поранешната СССР и поранешната СФРЈ | скратена | 70<br>01.07.2004 |
| **16.** | Закон за ратификација на Протоколот од Кјото кон Рамковната конвенција на Обединетите нации за климатски промени | скратена | 71<br>14.07.2004 |
| **17.** | Закон за ратификација на Амандманот на Базелската конвенција за контрола на прекуграничното пренесување на опасен отпад и негово одлагање и Амандман на Анекс 1, Анекс 8 и Анекс 9 | скратена | 71<br>15.07.2004 |
| **18.** | Закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Руската федерација за соработка во областа на ветеринарството | скратена | 71<br>15.07.2004 |
| **19.** | Закон за ратификација на Европската конвенција за пренос на казнени постапки | скратена | 71<br>15.07.2004 |
| **20.** | Закон за ратификација на Европската конвенција за спречување на тероризмот | скратена | 71<br>15.07.2004 |
| **21.** | Закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Руската федерација за воено-техничка соработка | скратена | 71<br>15.07.2004 |
| **22.** | Закон за ратификација на Конвенцијата на Обединетите нации против транснационалниот организиран криминал, Протоколот за превенција, спречување и казнување за трговија со лица, особено жени и деца, со кој се дополнува Конвенцијата на Обединетите нации против транснационалниот организиран криминал и Протоколот против криумчарење на мигранти на копнен, воден или воздушен пат, со кој се дополнува Конвенцијата на Обединетите нации против транснационалниот организиран криминал | скратена | 77<br>28.09.2004 |
| **23.** | Закон за ратификација на Конвенцијата број 144 за трипартитни консултации за унапредување на примената на меѓународните стандарди на трудот и Препораката број 152 за трипартитни консултации за унапредување на примената на меѓународните стандарди на трудот и национална акција на трудот на Меѓународната организација на трудот | скратена | 77<br>28.09.2004 |
| **24.** | Закон за ратификација на Договорот за формирање совет за цивилно-воено планирање во вонредни ситуации за земјите од Југоисточна Европа | скратена | 77<br>28.09.2004 |
| **25.** | Закон за ратификација на Договорот меѓу Република Македонија и Србија и Црна Гора за правна помош во граѓанските и кривичните предмети | скратена | 81<br>19.10.2004 |
| **26.** | Закон за ратификација на Договорот за слободна трговија меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Молдова | скратена | 81<br>19.10.2004 |

## 2.4.2. Информации, извештаи и друго

### ИНФОРМАЦИИ

| Р.б. | А К Т | предлагач | постапка | седница |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Информација за еколошката катастрофа која се случи на јаловиштето на Рудникот за олово и цинк "Саса" - Македонска Каменица | М.Којзаклиска<br>В.Стаменков<br>М.Георгиевски | редовна | 40<br>05.12.2003 |
| 2. | Информација за состојбите на агро-индустрискиот комплекс во делот на индивидуалното земјоделско производство | Маријан Ѓорчев | редовна | 50<br>18.06.2004 |
| 3. | Информација за поплавите кои ги зафатија Струмичкиот, Валандовскиот, Гевгелискиот и Тетовскиот регион во деновите 4, 5 и 6 јуни 2004 година | усвоена е заедничка од позицијата и опозицијата | редовна | 66<br>15.06.2004 |
| 4. | Информација за внатрешно раселените лица од Липковскиот регион и Арачиново | Комисија за заштита на слободите и правата | редовна | 71<br>20.07.2004 |
| 5. | Информација за состојбата со есенските посеви и првичните оцени за очекуваното производство | М. Ѓорчев<br>Д. Ѓеоргиев<br>М. Николов<br>В. Паунков<br>Б. Петковски<br>И. Србиновски<br>Ѓ.Паљошковски<br>А.Џелили | редовна | 71<br>20.07.2004 |

### ИЗВЕШТАИ

| Р.б. | А К Т | предлагач | постапка | седница |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Годишен извештај за извршените ревизии за работата на Државниот завод за ревизија за 2002 година | Државен завод за ревизија | редовна | 43<br>26.11.2004 |
| 2. | Извештај за работата на ЈП Македонска радио-телевизија во периодот мај 2003 - мај 2004 година | МРТВ | редовна | 71<br>16.07.2004 |
| 3. | Годишен извештај на Народниот правобранител за 2003 година | народен право-бранител (Бранко Наумовски) | редовна | 67<br>18.06.2004 |

### МИСЛЕЊА

| Р.б. | А К Т | предлагач | постапка | седница |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Мислење и предлози на Комитетот за односи меѓу верските заедници во врска со состојбите во основното и средното образование, со посебен осврт на остварувањето на правото на настава на јазикот на заедниците кои не се мнозинство во РМ во областа на образованието | Комитет за односи меѓу верските заедници | редовна | 77<br>14.10.2004 |

## ПЛАНОВИ

| Р.б. | А К Т | предлагач | постапка | седница |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Финансиски план на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија за 2004 година | Регулаторна комисија за енергетика | Редовна | 40<br>26.11.2004 |
| 2. | Финансиски план за утврдување на трошоците за спроведување на изборите за избор на претседател на Република Македонија и надоместоците на членовите на органите за спроведување на изборите | Државна изборна комисија | Итна | 59<br>26.03.2004 |
| 3. | Финансиски план за утврдување на трошоците за спроведување на референдумот согласно со Одлуката за распишување на референдумот бр.07-3553/1 од 03.09. 2004 г. и надоместоците на членовите на органите за спроведување на референдумот | ДИК | Редовна | 77<br>24.09.2004 |

## ЗАВРШНИ СМЕТКИ

| Р.б. | А К Т | предлагач | постапка | седница |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Завршна сметка на Буџетот на Република Македонија за 2003 година | Влада | редовна | 67<br>16.06.2004 |

## 2.5. АМАНДМАНИ




| *предлагачи* | *поднесени* | *усвоени* | *неусвоени* | *повлечени* |
|---|---|---|---|---|
| **Влада на Р.М** | 163 | - | - | - |
| **Комисии** | 549 | 521 | 19 | 9 |
| **Пратеници** | 653 | 94 | 495 | 64 |
| ***Вкупно*** | ***1365*** | ***615*** | ***514*** | ***73*** |


ВКУПНО ПОСТАВЕНИ ПРАТЕНИЧКИ ПРАШАЊА
неодговорени
одговорени
поставени
11
32
21
64
86
211
102
399
97
243
123
463
0
100
200
300
400
500
политички систем
економски систем
јавни дејности


ПОСТАВЕНИ ПОМЕЃУ ДВЕ СЕДНИЦИ
неодговорени
одговорени
поставени
10
16
5
31
38
52
17
107
48
68
22
138
0
10
20
30
40
50
60
70
политички Систем
економски систем
Јавни дејности

## ПРАТЕНИЧКИ ПРАШАЊА ПОСТАВЕНИ НА СЕДНИЦИ

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| број на пратеници кои поставиле прашања | | 15 | 24 | 20 | 18 | 24 | 22 | 123 |
| седница број | | 44. | 48. | 52. | 54. | 69. | 79. | вкупно |
| ***поставени*** | Политичкиот систем | 13 | 14 | 12 | 8 | 13 | 15 | 75 |
| | Економскиот систем | 23 | 30 | 25 | 30 | 37 | 30 | 175 |
| | Јавните дејности | 8 | 14 | 12 | 10 | 17 | 14 | 75 |
| **вкупно** | | **44** | **58** | **49** | **48** | **67** | **59** | **325** |
| ***одговорени на самата седница*** | Политичкиот систем | 9 | 12 | 7 | 5 | 8 | 6 | 47 |
| | Економскиот систем | 12 | 14 | 7 | 16 | 23 | 15 | 87 |
| | Јавните дејности | 7 | 7 | 9 | 8 | 10 | 7 | 48 |
| **вкупно** | | **28** | **33** | **23** | **29** | **41** | **28** | **182** |
| ***одговорени во писмена форма*** | Политичкиот систем | 4 | 2 | 4 | 3 | 5 | 4 | 22 |
| | Економскиот систем | 11 | 12 | 15 | 11 | 13 | 10 | 72 |
| | Јавните дејности | 1 | 6 | 2 | 2 | 5 | - | 16 |
| **вкупно** | | **16** | **20** | **21** | **16** | **23** | **14** | **110** |
| Неодговорени прашања | Политичкиот систем | - | - | 1 | - | - | 5 | 6 |
| | Економскиот систем | - | 4 | 3 | 3 | 1 | 5 | 16 |
| | Јавните дејности | - | 1 | 1 | - | 2 | 7 | 11 |
| **Вкупно:** | | **-** | **5** | **5** | **3** | **3** | **17** | **33** |

# 3. РАБОТНИ ТЕЛА И КОМИТЕТ ЗА ОДНОСИ ПОМЕЃУ ЗАЕДНИЦИТЕ

## 3.1. РАБОТНИ ТЕЛА

*Со Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 85/2002 и 30/2003) во Собранието на Република Македонија се основани 18 постојани работни тела за разгледување на предлози за донесување на закони, нацрти на закони, предлози на закони и други акти што ги донесува Собранието, за следење за извршувањето на актите на Собранието, како и за проучување и претресување на други прашања од негова надлежност. Со оваа одлука се утврдени надлежностите на работните тела на Собранието, што во најголем број случаи претставува рамка за активностите на работните тела.*

*Составот на работните тела е од редот на пратениците, во зависност од бројот на пратеничките групи и бројот на пратениците во пратеничките групи и е утврден со Одлука на Собранието на Република Македонија. Притоа значајно е да се потенцира дека во работата на комисиите често пати се покануваат и учествуваат претставници на институции и здруженија и научни, стручни и јавни работници, заради изнесување на мислења по прашањата што се разгледуваат на седницата на телото. На овој начин се обезбедува поголема стручност и транспарентност во работата на комисиите.*




*Најголем дел од активноста во работата на комисиите е во функција на работата на пленарните седници на Собранието, што претставува квалитетен придонес за поефикасно и поквалитетно работење на Собранието. Исто така, значајно е да се потенцира дека голем дел од активноста на комисиите се однесува на извршување и на други работи од надлежност на комисиите што не се во функција на пленарните седници на Собранието. Најчесто тоа се активности поврзани со остварување на меѓународна соработка и соработка со претставници од други органи и институции.*

*Организацијата и функционирањето на работните тела на Собранието е уредено со Деловникот на Собранието на Република Македонија.*

# Комисија за уставни прашања

Комисијата за уставни прашања е постојано работно тело на Собранието на Република Македонија, кое согласно со утврдените надлежности разгледува прашања што се однесуваат на спроведувањето на Уставот на Република Македонија и предлозите за изменување и дополнување на Уставот. Начинот и обемот на работата на Комисијата се диктирани и произлегуваат од карактерот и специфичноста на прашањата што се во нејзина надлежност.

Во извештајниот период Комисијата одржа една седница на која се разгледа текстот на предлогот на амандманот XIX на Уставот.

НАДЛЕЖНОСТИ:

Комисијата има претседател, шеснаесет члена и нивни заменици. Комисијата ги разгледува прашањата што се однесуваат за:

- спроведување на Уставот;
- предлози за изменување и дополнување на Уставот;
- начелни прашањаод уставен карактер во врска со донесувањето и извршувањето на законите и други прописи и акти и
- други прашања од уставен карактер.

# Законодавно-правна комисија

Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија согласно со надлежноста утврдена во Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија разгледува прашањата од сите области, односно од економската, политичката и од областа на јавните дејности.

Од областа на политичкиот систем значајно е да се истакнат законските проекти кои се однесуваат на реформите во судската власт, со кои се предложени квалитетни решенија за поефикасно остварување на правата на граѓаните, за ефикасно и навремено решавање на судските спорови, како и за судски постапки засновани на

НАДЛЕЖНОСТИ:

- усогласеност на законите и други акти со Уставот и со правниот систем, како и нивната правно-техничка обработка;
- барања за давање автентично толкување и изготвување предлози на автентично толкување на законите;
- утврдување на пречистен текст на законите и други акти ако со закон, односно со друг акт биде овластена;
- давање исправки на грешки во објавениот текст на закон или на друг акт, врз основа на изворниот текст на усвоениот закон или друг акт на Собранието;
- други прашања што се однесуваат на законодавно-правната дејност и изградувањето на правниот систем во Република Македонија и
- разгледување на прашањата што се однесуваат на усогласеноста на законите на Република Македонија со законодавството на Европската унија.

начелата на приоритет и итност. Во овој пакет на закони особено значење имаат:

- измените и дополнувањата на Кривичниот законик;
- измените и дополнувањата на Законот за кривичната постапка;
- Законот за Јавното обвинителство и
- Законот за обезбедување и извршување.

Значајни акти кои ги донесе Собранието, а кои ги разгледа Законодавно-правната комисија од областа на *политичкиот систем* и со чии решенија се врши усогласување на националното законодавство со законодавството на Европската унија и НАТО стандардите се:

- Амандманот XIX на Уставот на Република Македонија;
- Законот за класифицирани информации;
- измените и дополнувањата на Законот за патните исправи;
- измените и дополнувањата на Законот за внатрешни работи;
- измените и дополнувањата на Законот за спречување на корупцијата;
- Законот за правата на претседателот на Република Македонија и неговото семејство по престанување на функцијата;
- Законот за заштита и спасување;
- Законот за управување со кризи;
- Законот за оружје;
- законите од областа на изборното законодавство.

Од областа на *економскиот систем* секако најголемо внимание привлече разгледувањето на Буџетот на Република Македонија за 2004 година со сите пропратни закони, кои што имаат влијание врз неговото креирање и извршување. Исто така, во овој период беа разгледани законите од банкарскиот систем, даночната и фискалната политика, законите од платниот систем, царинскиот систем, имотно-правните односи, од областа на задолжувањето на Република Македонија кај меѓународни финансиски институции и давање на гаранции од страна на државата по задолжувањата. За издвојување се следниве законски проекти:

- Законот за спречување на перење на пари и други приноси од казниво дело;
- Законот за јавните набавки;
- Законот за стоковите резерви;
- измените и дополнувањата на Законот за данокот на додадена вредност;
- Нацртот на закон за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост;
- Предлог за донесување на закон за користење и располагање со стварите на државните органи;
- Законот за внатрешна ревизија во јавниот сектор;
- Законот за Царинската управа и други.

Од не помало значење беа и расправите во врска со економските прашања и прашањата кои се однесуваат на аграрот. Во овој контекст како позначајни закони кои беа разгледани во анализираниот период се:

- Законот за трговските друштва;
- Законот за преобразба на АД “Електростопанство на Македонија“;
- Законот за основање на Агенција за странски инвестиции;
- Законот за заштита на потрошувачите;
- Закон против ограничување на конкуренцијата
- Законот за индустриската сопственост;
- Законот за виното;
- измените и дополнувањата на Законот за земјоделското земјиште;

- Законот за водостопанството;

- Законот за органско земјоделско производство;

- Законот за водите;

- Законот за тутунот;

- Законот за земјоделската инспекција и други.

Во овој период Комисијата ги разгледа законските проекти кои се однесуваат и на просторното и урбанистичкото планирање, транспортот и врските, како и заштитата на човековата средина. Особено може да се истакнат:

-Просторниот план на Република Македонија;

- Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија и

- измените и дополнувањата на законот за телекомуникациите.

Од областа на *јавните дејности* позначајни предлози на закони по кои се водеше расправа во Комисијата беа:

- Законот за основање на Државен универзитет во Тетово;

- законите од областа на пензиското и инвалидското осигурување;

- законите во врска со евиденцијата во областа на трудот;

- Законот за вработување на инвалидни лица;

- Законот за вработување на странци;

- измените и дополнувањата на Законот за здравствената заштита;

- Законот за прекурзори;

- Законот за културното наследство и други закони од областа на културата;

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 19 |
| Вкупно разгледани точки | | 231 |
| Измени на Уставот | | 1 |
| Закони по области | политички систем | 49 |
| | економски систем | 114 |
| | јавни дејности | 40 |
| Поднесени амандмани | | 453 |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | 2 |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | 25 |
| Информации, извештаи | | - |
| Прашања, предлози | | - |

## Комисија за одбрана и безбедност

Во извештајниот период Комисијата за одбрана и безбедност посебно внимание посвети на:

- остварувањето на надзорот во доменот на одбраната и безбедноста и унапредување на цивилната демократска контрола;
- транспарентноста на одбранбената политика и буџетирањето;
- перманентно следење на сите преземени чекори и активности за спроведување на реформите во областа на одбраната и безбедноста, како и за подготовките на Република Македонија за членство во НАТО;
- Предлог за донесување на закон за класифицирани информации, со Предлог на закон со кој РМ одговори на преземените обврски со повеќе меѓународни договори и се вградија предвидените стандарди на НАТО И ЕУ;
- одлуките за испраќање единици на Армијата на Република Македонија за учество во мировните операции во Авганистан и Ирак;
- Предлог на декларација за подигнување на нивото на односите и соработката меѓу Република Македонија и НАТО и Предлогот на

### НАДЛЕЖНОСТИ:

- за заштита на поредокот утврден со Уставот;
- остварување на надзорот во доменот на одбраната и безбедноста;
- одбрана на Републиката и цивилната заштита;
- соработка со колективни системи на безбедност и одбрана во кои Републиката пристапила;
- заштита на животот, личната сигурност и имотот на граѓаните загарантирани со Уставот;
- производство, промет, набавување, поседување и носење на оружје, делови на оружје и муниција;
- обезбедување на личности и објекти;
- државјанство;
- одржување на јавниот ред и мир;
- јавните собири и јавните приредби;
- безбедноста на патниот, воздушниот, железничкиот и езерскиот сообраќај
- заштита од природни непогоди и епидемии;
- пријавување и одјавување на живеалиштето и престојувалиштето;
- премин на државните граници и движење и престој во граничниот појас;
- движење и престој на странците;
- утврдување и решавање на граничните инциденти и други повреди на државните граници и
- други прашања што се однесуваат на одбраната и безбедноста.

резолуцијата за развој и трансформација на одбраната;
- Предлог на закон за управување со кризи со кој се стандардизират некои решенија со земјите членки на НАТО и ЕУ;
- Предлог за донесување на закон за следење на комуникациите, со Предлог закон со кој се воспоставува правото на државата за следење на комуникациите, подведено под цврста законска рамка;
- соработка со невладиниот сектор и
- едукација на членовите на Комисијата и стручните служби заради успешно остварување на утврдените надлежности, особено за развивање на цивилната демократска контрола и надзор, особено во буџетирањето на одбраната со цел да се оствари функционирањето на правната држава и да се постигне поголема транспарентност во областа на одбраната.

### *Законски проекти разгледани на седниците на Комисијата*

- Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за државјанство на Република Македонија, со Предлог на закон;
- Предлог за донесување на закон за буџетите, со Предлог на закон;
- Предлог за донесување на закон за извршување на буџетите, со Предлог на закон;
- Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за државјанство на Република Македонија , со Предлог на закон;
- Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и на членовите на нивните семејства, со Предлог на закон;
- Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и на членовите на нивните семејства, со Предлог на закон (предлагач група пратеници);
- Предлог за донесување на закон за ратификација на Меѓународната конвенција за сузбивање на терористичките напади со експлозивни направи, со Предлог на закон;
- Предлог за донесување на закон за ратификација на Меѓународната конвенција за сузбивање на финансирање на тероризмот, со Предлог на закон;
- Предлог за донесување на закон за класифицирани информации, со Предлог на закон;
- Предлог за донесување на одлука за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија за учество во мировна операција во Авганистан;
- Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за преминување на државната граница и за движење во граничниот појас, со Предлог на закон;
- Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи, со Предлог на закон;
- Предлог на декларација за подигнување на нивото на односите меѓу Република Македонија и НАТО;
- Предлог за донесување на закон за оружје;
- Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, со Предлог на закон;
- Предлог за донесување на закон за управување со кризи, со Предлог на закон;
- Предлог за донесување на закон за заштита и спасување, со Предлог на закон;
- Предлог на резолуција за развој и трансформација на одбраната;
- Предлог за донесување на закон за пожарникарството , со Предлог на закон;
- Предлог за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2004 година;
- Предлог за донесување на закон за следење на комуникациите , со Предлог на закон и
- Предлог за донесување на закон за заштита на личните податоци.

***Позначајни меѓународни средби на членовите и претседателот на Комисијата:***

- учество на претседателот на Комисијата на Меѓународната конференција во Брисел на тема "Обезбедување на мирот": Улогата на Нато во управување со кризи и разрешување на конфликти - 16.10.2003 година во Брисел;
- амбасадорот на Република Словенија г. Марјан Шифтер - 27.10.2003 година;
- специјален пратеник на Европската унија г. Алексис Брунс - 27.11.2003 година;
- средба со амбасадорот на Русија - 20.02.2004 година;
- учество на семинар во Загреб (РАСВИАЦ) на тема: "Контрола на оружјето во земјите од ЈИЕ" - 23-25.02.2004 година ;
- амбасадорот на Австралиската амбасада во Белград г-дин Јохн Оливер- 24.02.2004 година;
- меѓународна конференција под наслов "Конференција за трансатлантски ракетен одбранбен систем" - 05-07.04.2004 година;
- средба на претседателот на Парламентарното собрание на НАТО г. Даглас Биројтер - 30.06.2004 година;
- претседателот на комисијата г. Тито Петковски на 2 и 3 јуни 2004 година учествуваше на семинарот во Софија, Р. Бугарија, по повод промоцијата на прирачникот на парламентарната контрола над вооружените сили. Семинарот беше организиран од Комисијата за внатрешна безбедност и јавен ред на Народното собрание, во соработка со Женевскиот центар за демократска контрола над воорудените сили;
- Талат Џафери во период од 15 до 16 март 2004 годи-на учествуваше на конференција во Берлин - Германија на тема "НАТО, ЕСПД и ОБСЕ, Синергија во процес". Конференцијата беше организирана од Маршаловиот центар за безбедносни студии;
- пратениците Талат Џафери и Слободан Даневски на 25 мај 2004 година учествуваа на семинар во Загреб-Хрватска на тема "Воено-политичките безбедносни прашања и можности за регионална соработка во ЈИЕ". Семинарот беше организиран од Центарот за помош во верификацијата и имплементацијата на регионалната контрола на оружјето (РАЦВИАЦ);
- г. Тито Петковски на 24.05.2004 година оствари средба со делегација од Стејт Депарментот предводена од г. Џемјс Мегдугал, на која присуствуваше и г. Лоренс Батлер, амбасадор на САД во Република Македонија;
- средба на претседателот на Комисијата со амбасадорот на Холандија г-ѓа Фредерик Деман, на 23 септември 2004 година;
- на 24 септември средба на г. Тито Петковски со г. Клаус Шуман, директор на генералната дирекција за политички работи во Советот на Европа;
- на 27 септември 2004 година средба на претседателот на Комисијата со г-ѓа Петра Блес, главен советник за парламентарната соработка на специјалниот координатор на Пактот за стабилност и ;
- средба на претседателот на Комисијата со г. Грег Зоре, шеф на Секторот за меѓународни проекти на ДИЦАФ.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 7 |
| Вкупно разгледани точки | | 29 |
| Измени на Уставот | | 1 |
| Закони по области | политички систем | 12 |
| Закони по области | економски систем | 2 |
| Закони по области | јавни дејности | - |
| Поднесени амандмани | | 21 |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | 2 |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | 3 |
| Информации, извештаи | | - |
| Прашања, предлози | | 7 |

# Комисија за политички систем и односи меѓу заедниците

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

- функционирање на политичкиот систем;
- менување на границите на Републиката;
- државните симболи и нивната употреба;
- судството, адвокатурата и јавното обвинителство;
- амнестија и помилување;
- слобода на движењето и слобода на изборот на живеалиштето;
- матична евиденција и заштита на личните податоци;
- лични имиња, лични карти и патни исправи;
- попис на населението;
- системот на јавното информирање;
- право на здружување на граѓаните и политичко организирање;
- избирачко право и начин на избор на пратеници, претседателот на Република Македонија, членови на советите и градоначалниците;
- референдум;
- локалната самоуправа;
- народниот правобранител;
- Македонската православна црква, како и Исламската верска заедница во Македонија, Католичката црква, Евангелско-методистичката црква, Еврејската заедница и други верски заедници и религиозни групи;
- одликувања, признанија и награди; празниците на Република Македонија;
- организација на државната управа;
- право на употреба на јазиците и писмата на заедниците;
- гарантирање на заштитата на етничкиот, културниот, јазичниот и верскиот идентитет на заедниците и
- други прашања што се однесуваат на политичкиот систем и односите меѓу заедниците.

Комисијата по правило одржала по две седници секој месец, односно на дневен ред биле разгледувани во просек четири закони или други материјали. На овие седници биле разгледувани сите закони што биле ставени на дневен ред на седниците на Собранието, а биле поднесени од страна на Владата, како и законите кои биле поднесени од пратеници доколку имало претходно доставено мислење од Владата.

Според областа, најголем број на закони и други матерјали што ги разгледа Комисијата биле од областа на правосудството.

Исто така, значајно за обележување е и тоа дека Комисијата како метод на работа практикуваше за одделни прашања да организира и тркалезна маса с□ со цел за потемелно проучување на прашањата од својот делокруг, како и на своите седници да поканува претставници на ЗЕЛС и професори експерти за својата област.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 18 |
| Вкупно разгледани точки | | 63 |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | 34 |
| | економски систем | 11 |
| | јавни дејности | 3 |
| Поднесени амандмани | | 10 |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | 1 |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | 8 |
| Информации, извештаи | | 6 |
| Прашања, предлози | | - |

# Комисија за надворешна политика

## НАДЛЕЖНОСТИ

-надворешната политика на Република Македонија и нејзините односи со другите држави и меѓународни организации;
- политиката со која се обезбедува грижата на Републиката за положбата и правата на припадниците на македонскиот народ во соседните земји и за иселениците од Македонија, како и за културните, економските и социјалните права на граѓаните од Републиката во странство;
- стапувањето или истапувањето од сојуз или заедници со други држави;
- стапувањето во членство или истапувањето до членство на меѓународните организации;
-потребата од започнување на преговори за склучување билатерални и мултилатерални меѓународни договори на Република Македонија, односно платформите на овие преговори;
-ратификацијата на меѓународни договори;
-меѓународната регулатива од областа на човековите права и граѓанските права, слободи и документите на меѓународните организации и асоцијации;
-воспоставување на парламентарна соработка на Републиката со други држави и меѓународни организации;
-воспоставување соработка со комисиите за надворешна политика на парламентите на другите држави;
-иницијативи и предлози за дефинирање на стратегијата на надворешната политика на парламентите на другите држави и
-други прашања што се однесуваат на надворешната политика на Република Македонија.

Во однос на активностите кои се однесуваат на процесот на разгледување на законските акти, Комисијата во овој период одржа 11 седници, и тоа:

- на седум седници беа разгледани и препорачани на Собранието 24 предлози за донесување на закони за ратификација на меѓународни договори,
- три седници со тематска содржина, односно на актуелни теми од областа на надворешната политика,
- министерот за надворешни работи информираше за актуелните случувања на надворешно-политички план,
- седница посветена на прашањето околу интеграцијата во НАТО, во присуство на министрите за надворешни работи и одбрана, амбасадорот на НАТО во РМ, претседателот на НО на Евроатлантскиот клуб на РМ и членовите на Комисијата за одбрана. На оваа седница членовите на Комисијата го усвоија текстот на Декларацијата за односите со НАТО, која беше предложена и Собранието ја донесе,
-излагања на платформи за дипломатската работа на идни амбасадори
- разгледани се две иницијативи од пратеници: законот за надворешни работи и информацијата за визите, која беше разгледана заедно со Комисијата за европски прашања и е донесен заеднички заклучок.

Во однос на активностите кои се однесуваат на остварување на

парламентарната соработка на билатерален и мултилатерален план, дел од активностите се реализирани надвор од државата, а дел во земјата, како на иницијатива на Комисијата, така и на иницијатива на странските партнери.

Од вкупно 21 реализирана средба со претставници и делегации на други држави, Комисија пет средби реализира во странство, а пет во земјата, од кои на една делегација беше домаќин. Од вкупниот број на овие активности претседателот на Комисијата, кој по функција остварува меѓународна активност, една средба реализира во странство, а десет во земјата.

Комисијата беше иницијатор и домаќин на една Конференција во рамките на регионалната соработка, посветена на Коридорот 8, на која без забелешки беше усвоена предложената изјава, додека за писмото кое од Конференцијата беше упатено до Лојола де Палацио, комесар за транспорт и енергија, во кое беа изразени заедничките заложби за реализација на Коридорот, г-ѓа Палацио го информирала Европскиот совет.

Делегација од Комисијата учествуваше на две конференции: втора трилатерална средба за јадранската иницијатива (за која Комисијата беше иницијатор и домаќин на првата средба одржана во јуни 2003) и на вториот Цетински параментарен форум во Цетиње.

Претседателот на Комисијата Теута Арифи во својство на гостин присуствуваше на Конференцијата на претседатели на комисиите за надворешна политика на земјите членки на Унијата во Даблин.

Согласно со своите надлежности, Комисијата ги следи настаните на планот на меѓународната политика и доколку на било кој начин се однесуваат на Република Македонија во рамките на надворешно-политички план, своите реакции ги упатува до пандантите за што и ја известува јавноста преку соопштенија, како што е во случајот со Декларацијата за поддршка на нашата држава за евроатлантските процеси усвоена во Италијанскиот парламент и Декларацијата на Турскиот парламент за поддршка за кандидатурата во НАТО и други

Претседателот на Комисијата, исто така, билатералните контакти со своите колеги ги остварува и преку писмена комуникација.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 11 |
| Вкупно разгледани точки | | 24 |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | 14 |
| | економски систем | 9 |
| | јавни дејности | 1 |
| Поднесени амандмани | | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | - |
| Информации, извештаи | | - |
| Прашања, предлози | | - |

## Комисија за прашања на изборите и именувањата

Во овој период Комисијата одржала 11 седници.

Преку архивска книга примени се 170 акти, дописи и барања.

До Комисијата се доставњени решенија кои се потпишани од претседателот на Комисијата, и тоа:

решенија за плати за:

| | |
|---|---|
| -претседател на Република Македонија | 1 |
| - претседател и потпретседател на Собранието | 2 |
| - премиер, министри и заменици министри | 66 |

решенија за апанажа:

| | |
|---|---|
| -на именувани и избрани лица | 10 |

### НАДЛЕЖНОСТИ:

- поднесување предлози за избори и именување, односно разрешување на функционери кои ги избира, односно именува Собранието;
- предлагање состав на постојаните и повремените работни тела на Собранието;
- предлагање состав на постојаните делегации на Собранието во меѓународните парламентарни собранија и на пратеничките групи на Собранието за соработка со други парламенти;
- предлагање членови на управни органи и други тела во јавните претпријатија, организациите и институциите кои ги избира, односно именува Собранието;
- предлагање состав на одбори и други тела на Собранието за организирање и спроведување прослави на одделни историски настани од значење за Републиката;
- разгледување предлози на прописи за платите и за други примања на пратениците и функционерите кои ги избира или именува Собранието, како и на пратениците и функционерите на кои им престанала функцијата;
- донесување акти за кои е овластена од Собранието;
- донесување поединечни решенија за платите и за други примања на пратениците и функционерите кои ги избира или именува Собранието;
- донесување акт за одбивање 5% од платата за секој ден отсуство на пратеник кој најмалку три пати отсуствува од седница на Собранието, односно од седница на работното тело, а за тоа не го известил претседателот на Собранието, односно на работното тело и
- разгледување и други прашања што се однесуваат на изборите и именувањата.

решенија за:

- испратнини за пензија 1

решенија за надоместоци:

-за одвоен живот 2

-за превоз 10

-за надоместок за закупнина на стан 3

подготовка на седниците на Комисијата:

-покани 11

-точки на дневен ред 39

-обработка на точките на дневен ред 39

-изготвување на записници 11

реализација на седници на Комисијата:

акти за седница на Собранието:

- предлози, предлог на одлуки, амандмани, и предлог на одлуки за изменување и дополнување 36

утврдување на предлози:

-предлог на кандидат за претседател на Собранието на Република Македонија,

-предлог на кандидат за потпретседател на Собранието на Република Македонија и

-предлог за избор на судии на Уставниот суд на Република Македонија

други одлуки:

-за одбивање на 20% од платата на пратеник, заради неоправдано отсуство од седниците на Собранието на Република Македонија 19

-интерни одлуки 1

други активности:

-примени и реализирани дописи и други писма, 20

-прием и класификација на пријавите по двата огласа за ЈО на БЈО и ОЈО во Прилеп, Кичево и Струмица - вкупно десет пријави и за заменици на ОЈО на ОЈО, во 11 града во Македонија, (55 пријави) за кои беше донесена одлука на Собранието на 26.3.2004 со писмо потпишано од генералниот секретар доставени во рок до Владата за натамошна постапка.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | **11** |
| Вкупно разгледани точки | | **32** |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Поднесени амандмани | | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| Други акти (одлуки, декларациии, програми) | | **32** |
| Информации, извештаи | | - |
| Прашања, предлози | | - |

# Постојана анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот

Комисијата одржа четири седници, од кои две се одржаа во неколку продолженија. Дел од точките на втората и третата седница кои почнаа во 2003 завршија во 2004 година. Ако се сумира работата на Комисијата за овој период можат да се дадат следниве показатели: на одржаните седници се разгледани два закона - едниот од областа на социјалната политика, другиот од областа на локалната самоуправа; постапено е по две претставки од иста материја по кои Комисијата донесе заклучок, а по кои расправаше и Собранието на Република Македонија; разгледан е еден годишен извештај на домашна институција; една програма за работа; еден меѓународен извештај од ОН, а еден двогодишен извештај на домашен орган остана неразгледан. Во извештајниот период се работеше и по пристигнати претставки.

Како специфична точка по која работеше Комисијата може да се издвои работата по двете претставки на внатрешно раселените лица (и бројните дополненија по нив) во период од една година

## НАДЛЕЖНОСТИ:

-начелни прашања, предлози и мислења во врска со остварувањето на одредбите на Уставот, законите и други прописи и акти од значење за остварување и заштита на слободите и правата на граѓанинот;

-укажување на потребата од донесување на закони и други прописи и акти заради поцелосна заштита на слободите и правата на граѓанинот;

-следење, разгледување и анализирање на остварувањето на ратификуваните меѓународни акти кои ја регулираат заштитата на слободите и правата на граѓанинот;

-разгледување на дописите на граѓаните и заземање ставови по истите;

-соработува со научни и стручни организации од областа на заштитата на слободите и правата на граѓаните;

-соработување со соодветни странски и меѓународни тела од областа на заштитата на слободите и правата на граѓаните и

-други прашања што се однесуваат на заштитата на слободите и правата на граѓанинот.

Комисијата не може да врши истражни или други судски функции.

Наодите на Комисијата се основа за поведување постапка за утврдување на одговорност на носителите на јавните функции.

и три месеца. Посебната работна група достави четири извештаи по кои Комисијата расправаше и одлучуваше. Со оглед на комплексноста на точката за состојбите со раселените лица Комисијата, согласно Деловникот на Собранието, формира трилена работна група (Блаже Стојановски, Каролина Ристова - подоцна заменета со Сашо Дохчев и Теута Арифи - која подоцна беше заменета со Невзат Бејта), со цел подетално да се разгледаат состојбите и условите на сместување на ВРЛ во колективните центри во Скопје и Куманово; активностите на меѓународните организации по ова прашање и конкретно да се разгледаат пречките за враќањето на ВРЛ во нивните домови.

Оваа работна група оствари повеќе активности и со меѓународните организации. Така во просториите на Собранието на Република Македонија на 28.02.2003 реализира средба со претставниците на следниве меѓународни организации: Даниел Жигларез, шеф на Центарот на Европската агенција за реконструкција, задолжен за градење доверба и имплементација на цела низа проекти и програми финансирани од Европската комисија, вклучен и во обновата на куќи од почетокот и во текот на следните неколку месеци; Мелита Михајловска, одговорна за управување со програмата за помош во готовина за внатрешно раселените лица со која управува Европската агенција за обнова. (Проектот обезбедува помош во готовина од 75 евра месечно за семејствата кои се сместени на територијата на Македонија и оваа програма го покрива периодот од јануари 2002 до крајот на март 2003); Алекса Томовски од Европската агенција за реконструкција, одделот за инфраструктура, одговорен за сместување и проектите за деминирање; Каролина Линдхом - канцеларија на УНХЦР; Питер ван дер Мер - УНХЦР; Имануел Алтерс - ОБСЕ, работи во регионот на Куманово, Липково како офицер за градење доверба; Питер Букел - ОБСЕ, со седиште во главната канцеларија во Скопје; Јорген Енгел, шеф на канцеларијата на Меѓународната менаџмент група (ИМГ); Василис Марагос, советник во Делегацијата на Европската комисија; Стефан Таниќ, соработник во ЕЦХО во Скопје итн.

Може да се даде генерална оцена дека Комисијата остварува добра кореспонденција со речиси сите надлежни органи и организации, а особено со Народниот правобранител итн. Речиси на сите барања и дописи, надлежните органи доставиле одговор, односно информација. Од друга страна, не задоволуваат содржините на одговорите во смисла што редовно се бранат позициите на органот кој постапувал. Не задоволува и начинот на кој управните органи и организациите во целина одговараат на барањата, на пример, на Народниот правобранител како специјализиран орган за заштита на правата.

Исто така, постои непостапување по пропишаните рокови во првостепената и второстепената управна постапка и не постои обезбедување на докази по службена должност за факти за кои службената евиденција води органот надлежен за решавање или друг орган, организација, установа, други правни лица и институции кои имаат јавни овластувања. Не постои ефикасно остварување на правата и интересите на граѓаните и другите учесници во управната постапка. Неажурност постои во судските постапки.

Подетална оцена за состојбите со слободите и правата на граѓанинот може да се состави врз основа на извештаите за работењето во 2003 година на Народниот правобранител за 2003, на Државната комисија за спречување на корруп-

цијата и Државниот управен инспекторат; Извештајот на специјалниот претставник на генералниот секретар на ОН Хина Цилали за положбата на бранителите на човековите права во Република Македонија; Извештајот на Хелсиншкиот комитет за човекови права на Македонија; одлуките на Уставниот суд што се однесуваат на слободата на уверувањето, совеста, мислата, политичкото здружување и дејствување и забраната на дискриминација на граѓаните по основа на пол, раса, верска, национална, социјална и политичка припадност; работењето на Републичкиот судски совет; извештаите на меѓународните институции и организации за состојбите со човековите права во Република Македонија и сл.

Врз основа на сите овие извештаи Постојаната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот може да се пристапи кон изготвување на заеднички годишен или периодичен извештај/оцена за состојбата со слободите и правата на граѓанинот во Република Македонија. Овој периодичен извештај би бил доставен на разгледување до Собранието на Република Македонија со што целата материја би добила највисок законодавно-надзорен третман, а препораките и заклучоците што ќе произлезат ќе придонесат кон ефикасната заштита и унапредување на човековите права преку законодавниот процес и контрола на надзорните механизмите во нашиот политички систем.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 8 |
| Вкупно разгледани точки | | 12 |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | 1 |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | 1 |
| Поднесени амандмани | | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | 1 |
| Информации, извештаи | | 9 |
| Прашања, предлози | | - |

# Комисија за надзор над работата на Управата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање

НАДЛЕЖНОСТИ:
- почитување на правата и слободите утврдени со Уставот и законите од страна на Управата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање на граѓаните, претпријатијата и други правни лица;
- законитоста во спроведување на овластувањата на Управата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање од аспект на пречекорување на овластувањата, преземање неовластени постапки, злоупотреба и други негативности во работењето, спротивно на нивните права утврдени со закон;
- методите и средствата што ги користат Управата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање од аспект на законитоста и почитувањето на правата на граѓанинот и други субјекти;
- материјалната, кадровската и техничката опременост на Управата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање и
- други прашања што се однесуваат на Управата за безбедност и контраразузнавање и на Агенцијата за разузнавање

Во рамките на реализирањето на усвоената Годишна програма за работа за 2003 година, Комисијата изврши непосреден надзор над работата на Управата за безбедност и контраразузнавање преку посети на регионалните управи и во одделенијата на регионалните управи во Републиката, како и на Агенцијата за разузнавање, при што оствари увид во безбедносната состојба на теренот, со осврт на дејствувањето на разузнавачките служби од други држави, како и во специфичните состојби во секоја регионална управа посебно, нивната организациона поставеност, кадровска екипираност и материјална и техничка опременост.

Со цел непосредно и поефикасно да ја изврши својата контролна функција врз овие безбедносни служби Комисијата усвои План со кој формира четири работни групи за посети и увид во работата на девет регионални управи и одделенија во текот на 2003 година.

Од остварените посети беа добиени исцрпни податоци за начинот на работата на УБК и нивните одделенија, како и на Агенцијата за разузнавање

кои се корисни за Комисијата во остварувањето на нејзината основна функција, надзор над работата на УБК и на Агенцијата.

Согласно со Законот за внатрешни работи ("Службен весник на Република Македонија" број 19/95) и Законот за Агенцијата за разузнавање ("Службен весник на Република Македонија" број 19/95), Комисијата е должна најмалку еднаш годишно да го информира Собранието на Република Македонија за извршениот надзор над безбедносните служби. Поради тоа беше формирана работна група за изготвување на Годишен извештај, која врз основа на извршениот увид над УБК и над Агенцијата за разузнавање и на нивните годишни извештаи за 2002 година, изготви Извештај за извршената контрола над УБК и над Агенцијата за разузнавање.

Извештајот беше доставен до Комисијата, но поради отсуството на претседателот на Комисијата во подолг временски период Комисијата не одржа седница и Извештајот не е доставен до Собранието.

Во извештајниот период беа одржани две седници на Комисијата.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 2 |
| Вкупно разгледани точки | | 2 |
| Измени на Уставот | | 1 |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Поднесени амандмани | | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | 1 |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | - |
| Информации, извештаи | | - |
| Прашања, предлози | | - |

## Комисија за финансирање и буџет

Во периодот од ноември 2003 до октомври 2004 година Комисијата одржала 12 седници со вкупно 44 точки на дневен ред. Иако при утврдување на дневниот ред беа ставени шест предлози на закони за кои предлагачи биле пратеници истите не се разгледани поради немање на мислење од Владата на Република Македонија.

Од вкупниот број на разгледани точки 39 се закони и сите се од областа на економскиот систем. Покрај закони во овој период Комисијата го разгледа Буџетот на Република Македонија за 2004 година, Ребалансот на Буџетот на Република Македонија за 2004 година, Завршната сметка на Буџетот на Републиката за 2003 година, еден извештај и една програма.

Важно е да се напомене дека од вкупниот број на разгледани закони, 25 се по скратена постапка.

Имајќи го предвид фактот дека по најголем дел од овие предлози на закони Комисијата во текот на расправата имаше бројни забелешки и сугестии, потребно е во иднина Владата што е можно повеќе од предложените закони, да ги изготвува и доставува како предлози за донесување, односно истите да се разгледуваат во Собранието во редовна постапка. Со тоа ќе се обезбеди поцелосна и поаналитичка расправа по предлозите и Владата ќе може да ги вградува во предлозите на законите и на тој начин ќе се избегне за значајни прашања секогаш да се интервенира само со амандмани.

Во овој период Комисијата особено внимание посвети на разгледувањето на Предлогот на Буџетот на Република Македонија за 2004 година со пропратните закони за негово креирање и извршување, Ребалансот на Буџетот на Република Македонија за 2004 година и Предлогот на завршната сметка на Буџетот на Република Македонија за 2003 година.

Со оглед на тоа што оваа Комисија е надлежна

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

- системот на финансирање;
- Буџетот на Републиката;
- даноците, таксите, придонесите и други јавни давачки на граѓаните и правните лица;
- царинскиот систем,
- монетарно-кредитниот, банкарскиот и девизниот систем;
- платниот промет и ревизијата;
- заемите и кредитите;
- јавните набавки;
- системот на осигурување;
- сопственоста и други имотно-правни односи;
- стоковните резерви;
- игрите на среќа и
- други прашања што се однесуваат на финансирањето.

за разгледување на Буџетот, по наведените точки се водеше мошне обемна расправа во која беа изнесени бројни предлози, забелешки и сугестии кои предлагачот треба да ги има предвид при изготвување на Буџетот, односно Ребалансот на Буџетот во наредниот период.

Исто така, многу опсешна расправа се водеше по пакетот на закони за фискалната децентрализација, а кои се во надлежност на оваа Комисија. Така, со особено внимание во две фази се разгледаа предлозите на законот за финансирање на локалната самоуправа; на законот за комуналните такси; на законот за изменување и дополнување на Законот за административните такси и на законот за даноците на имот. При тоа беа изнесени бројни предлози, забелеши и сугестии кои требаше да се имаат предвид од страна на Владата при изготвување на последната фаза на овие закони во насока на подобрување на понудените решенија.

Исто така, Комисијата го разгледа Предлогот на законот за вршење на брз трансфер на пари. Неговото донесување има за цел воспоставување на правна рамка за финансиската услуга брз трансфер на пари и овозможување соодветна контрола и санкционирање на субјектите кои ја вршат оваа активност. Донесувањето на овој закон значи и приближување на домашното до законодавството на Европската унија според кое трансферот на пари е финансиска услуга што ја даваат институциите кои не се банки. Во расправата на Комисијата беа изнесени бројни забелешки и сугестии.

Не помалку внимание беше посветено во расправата по Предлогот на законот за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело. Со неговото донесување се очекува да дојде до позитивен пресврт во борбата против организираниот криминал, односно да се обезбеди систем на превентивни мерки и дејствија против перењето на пари и финансирањето на тероризмот.

Во овој период Комисијата го разгледа и Законот за јавните набавки, кој е изготвен согласно со европските директиви и кој има за цел да ги елеминира злоупотребите во сферата на јавните набавки. Одредбите на Законот содржат решенија кои значат транспарентност, почитување на принципите на пазарната економија, рамноправност на понудувачите и спречување на монополско однесување. И при оваа расправа во Комисијата беа изнесени предлози и сугестии за подобрување на предложените решенија од страна на предлагачот.

Со оглед на тоа што имотно-правните односи се во надлежност на Комисијата за финансирање и буџет, таа во изминатиов период ги разгледа Предлогот за донесување на законот и Нацртот на законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост при што беа изнесени бројни предлози за нивно вградување во Предлогот на овој закон.

Во анализираниов период Комисијата разгедуваше и предлози на закони за задолжување на Република Македонија , односно за давање на гаранција за задолжување кај меѓународни финансиски институции.

Во досегашната работа Комисијата немаше некои проблеми со кои би се соочувала и што би можеле да влијаат на нормалното одвивање на нејзината работа.

Одржувањето на седниците во однос на кворумот се одвива без проблеми, бидејќи со Деловникот на Собранието на Република Македонија, како и со Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија е предвидено покрај претседателот на

Комисијата и бројот на членовите да има и нивни заменици. Ова решение се покажа како многу успешно, така што овозможи седниците на Комисијата секогаш да се одржуваат во закажаниот термин, што претставува услов за ажурно и економично работење како за Комисијата, така и за Собранието.

Единствено, во текот на работата, Комисијата се соочуваше со ненавремено доставување на мислења од страна на Владата за закони и други акти чии предлагачи се пратеници или други овластени предлагачи. Тоа би можело да се надмине со тоа што Владата би ги доставувала мислењата во рокот определен со Деловникот на Собранието на Република Македонија.

Ова е потребно, бидејќи мислењата на Владата се релевантни за расправа по законите и другите акти во Комисијата, особено ако се има предвид фактот што овие закони најчесто предвидуваат зафаќање на финансиски средства од Буџетот на Република Македонија.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 12 |
| Вкупно разгледани точки | | 44 |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | 39 |
| | јавни дејности | - |
| Поднесени амандмани | | 3 |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | 3 |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | 1 |
| Информации, извештаи | | 1 |
| Прашања, предлози | | - |

# Комисија за економски прашања

Во изминатиот период Комисијата за економски прашања активностите ги насочи во разгледување на закони од економскиот систем. Во тој контекст се оствари обемна расправа по Предлогот за донесување на законот за трговските друштва. Со овој закон се предлагаше хармонизација на домашното законодавство од областа на трговското право, со трговското право што се создава во рамките на Европската унија, со вградување на решенијата од директивите на Европската унија од оваа област; вградување на јасни и функционални решенија како наметната потреба од досегашната пракса со цел законот да биде лесно применлив и поедноставување на постапката за регистрација на трговските друштва и воведување на основи за установување на едношалтерски систем. По истиот закон во расправата на Комисијата беа изнесени голем број на забелешки, предлози, мислења и сугестии со коишто предлагачот требаше да ги има предвид при изготвување на наредната фаза на законот.

Комисијата посебно внимание посвети на Предлогот за донесување на законот за преобразба на Електростопанството на Македонија Акционерско друштво за производство, пренос и дистрибуција на електрична енергија во државна сопственост, со Предлог на закон. Со овој закон

НАДЛЕЖНОСТИ:
- производство и трговија;
- минерални суровини и енергетика;
- туризам, угостителство и занаетчиство;
- надворешно-трговско работење;
- странски вложувања;
- сопственичка трансформација;
- мерки против монополска положба и монополско однесување на пазарот;
- заштита на потрошувачите;
- јавни претпријатија;
- концесии;
- побрз развој на стопански недоволно развиените подрачја;
- статистика и
- други прашања што се однесуваат на економскиот систем.

се предлагаше обезбедување на неопходни услови за транспарентен и недискриминиран пристап на корисниците кон инфраструктурата и системот на пренос на електрична енергија. Исто така, законот што се предлагаше беше во насока на обезбедување на услови за отстранување на потенцијалните ефекти од монополските односи во електроенергетскиот систем во државата и за воведување на транспарентни правила со посебен третман на преносот и управувањето со системот. Со предложениот закон се предложи преобразба на АД Електростопанство на Македонија преку раздвојување на друштвото на две нови друштва со цел да се изврши издвојување на функцијата на преносот на електричната енергија и управувањето со електроенергетскиот систем, односно да се создаде законска основа за можна идна приватизација на дел од претпријатието. По истиот закон во расправата на Комисијата беа изнесени голем број забелешки, предлози, мислења и сугестии.

Исто така, Комисијата за економски прашања посебно внимание и обемна расправа оствари по Предлогот за донесување на закон против ограничувањата на конкуренцијата. Со законот се предлагаше целосно усогласување на националното законодавство со европското законодавство во областа на конкуренцијата, а со цел обезбедување на поефикасна заштита на слободната конкуренцијата, како принцип на пазарната економија. Во расправата на Комисијата беа поставени прашања и изнесени забелешки, предлози и мислења.

Комисијата оствари обемна расправа и по Предлогот на законот за вршење на занаетчиска дејност со кој се уредуваат условите и начинот на вршење на занаетчиска дејност и здружувањето на занаетчиите во општински и регионални занаетчиски комори. Во расправата Комисијата изнесе забелешки, предлози и мислења.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 8 |
| Вкупно разгледани точки | | 15 |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | 13 |
| | јавни дејности | - |
| Поднесени амандмани | | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | 2 |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | - |
| Информации, извештаи | | - |
| Прашања, предлози | | - |

# Комисија за земјоделство, шумарство и водостопанство

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

- земјоделското земјиште, пасиштата и други природни богатства и природни сили;
- арондацијата, комасацијата и мелиорацијата;
- сточарството, пољоделството, овоштарството и лозарството;
- ловот и риболовот;
- животинскиот и растителниот свет;
- ветеринарно здравство и заштита на растенијата;
- премерот и катастарот на земјиштето;
- употребата и користењето на водите и одобрувањето на режимот на водите;
- хидромелиоративните системи и хидрометеоролошките работи и
- други прашања што се однесуваат на земјоделството, шумарството и водостопанството.

Во изминатиот период Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство активностите ги насочи во разгледување на закони од областа на земјоделството, шумарството и водостопанството.

Во тој контекст обемна расправа се оствари по Предлогот за донесување на закон за идентификација и регистрација на животните. Со овој закон се предлагаше обезбедување на комплетна законска рамка соодветна на европското законодавство преку која ќе се следи движењето на животните, ќе се врши контрола и навремена заштита од заразни болести. Исто така ќе се обезбеди механизам за точно и брзо одредување на местото на потеклото на животното, односно потеклото на месото и производите од него. По истиот закон беа изнесени голем број забелешки, предлози, мислења и сугестии коишто предлагачот требаше да ги има предвид при изготвување на наредната фаза на законот.

Комисијата посебно внимание посвети на Предлогот на буџетот на Република Македонија за 2004 година. Во расправата беше изнесено дека користењето на буџетските средства е планирано во шест сектори, односно програми: администрација, пошумување, земјоделство, ветерина, зашт-

ита и водостопанство. Најголемиот дел од планираните средства во износ од околу 60% беше планиран да се користи во Програмата за земјоделство. Во расправата особено беше нагласена потребата од изнаоѓање на начини за поголема директна и индиректна буџетска поддршка за земјоделството во државата.

Исто така, Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство го разледа Предлогот за донесување на закон за водите и оствари обемна расправа по истиот. Овој закон беше оценет како рамковен закон со кој ќе се регулираат основните принципи за управување со водните ресурси во државата, третманот на води, а со него се предвидуваат мерки за рационално користење на водите. Исто така, во законот се предвидуваше управување со водите на ниво на подрачјата на речните сливови, а за секое подрачје беше предвидено формирање на тело за управување со речниот слив кое ќе биде одговорно за состојбите со површинските и подземните води во делот на сопствената територијална надлежност. Во делот на обезбедување на заштита на водите, со законот се предвидуваше соодветна мониторинг мрежа која ќе се спроведува на државно и локално ниво.

<table>
<tr><td colspan="2">Одржани седници</td><td>9</td></tr>
<tr><td colspan="2">Вкупно разгледани точки</td><td>20</td></tr>
<tr><td colspan="2">Измени на Уставот</td><td>-</td></tr>
<tr><td rowspan="3">Закони по области</td><td>политички систем</td><td>-</td></tr>
<tr><td>економски систем</td><td>13</td></tr>
<tr><td>јавни дејности</td><td>-</td></tr>
<tr><td colspan="2">Поднесени амандмани</td><td>1</td></tr>
<tr><td colspan="2">Буџет, ребаланс, завршна с-ка</td><td>2</td></tr>
<tr><td colspan="2">Други акти<br>(одлуки, декларации, програми)</td><td>-</td></tr>
<tr><td colspan="2">Информации, извештаи</td><td>2</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прашања, предлози</td><td>3</td></tr>
</table>

# Комисија за транспорт, врски и екологија

Комисијата за транспорт, врски и екологија, во целост ги исполни обврските во согласност со Деловникот на Собранието на Република Македонија.

На седниците на Комисијата беа поканети и учествуваа во нивната работа претставници на одделни научни институции и стручни лица, заинтересирани, односно компетенти за прашањата и проблемите кои беа на дневен ред на Комисијата. Треба да се нагласи проблемот кој се однесува на неприсуство на претставници по точки од дневен ред, со што Комисијата беше приморана да не ги разгледува соодветните точки на дневен ред.

Комисијата за транспорт, врски и екологија се соочи со проблемот на непочитување на членот 140 од Деловникот на Собранието, бидејќи Владата своите мислења по предлозите за донесување на закон, што не ги поднела, не ги доставуваше во рок од три дена пред денот определен за одржување на седницата на работното тело, во кои случаи Комисијата одлучи истите да не ги разгледува.

Комисијата укажува на потребата за изменување на одделни одредби на Деловникот на Собранието на РМ, кои претставуваат пречка во работата на работните тела и на пратениците: пример е со членот 166 став 1 од Деловникот на Собранието на РМ, каде што амандман на предлог на закон се поднесува најдоцна пет дена пред денот определен

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

- -патниот, железничкиот, речниот, езерскиот, воздушниот, поштенско-телеграфскиот, тлефонскиот и радиосообраќајот;
- -жичарите и ски-лифтовите;
- -системи на телекомуникации и радиодифузниот систем;
- -изградба на инвестиционите објекти во областа на транспортот и телекомуникациите;
- -просторното и урбанистичкото планирање;
- -уредување на градежното земјиште;
- -станбеното и комуналното уредување;
- -заштита и унапредување на животната средина, природата , воздухот, земјата и водите од загадување;
- -обезбедување услови за здрава животна средина;
- - спречување на штетната бучава;
- -спречување од јонизирачко зрачење и
- - други штетни дејства по животот и здравјето на луѓето и посебните мерки на сигурност при употребата на нуклеарната енергија и други прашања што се однесуваат на транспортот, врските, урбанизмот и екологијата.

за одржување на седница на Собранието. Така тесните рокови меѓу седниците на Собранието и на седниците на работните тела , како и заради малиот број сали за работа на работните тела, со цел да се искористи деловничката можност за поднесување на амандмани за предлози на законите, се закажуваа седници на повеќе работни тела во ист ден, определен број на пратеници не беа во можност да присуствуваат на седници на повеќе работни тела во кои членуваат, истото се однесуваше и на претставниците на предлагачот на законот.

Комисијата за транспорт, врски и екологија две седници ги организираше како јавни расправи и смета дека во натамошната нејзина работа, како и во работата на другите комиси, т.е, работни тела да се организираат јавни расправи, со цел да се подобри конечниот текст на законите, како и да им се олесни работата на пратениците.

Комисијата за транспорт, врски и екологија предложи вкупно 14 амандмани на предлози на закони од областа на транспортот, врските и екологијата.

Комисијата ги разгледуваше претежно темите и прашањата од областа на економскиот систем.

<table>
<tr><td colspan="2">Одржани седници</td><td>8</td></tr>
<tr><td colspan="2">Вкупно разгледани точки</td><td>34</td></tr>
<tr><td colspan="2">Измени на Уставот</td><td>-</td></tr>
<tr><td rowspan="3">Закони по области</td><td>политички систем</td><td>-</td></tr>
<tr><td>економски систем</td><td>29</td></tr>
<tr><td>јавни дејности</td><td>-</td></tr>
<tr><td colspan="2">Поднесени амандмани</td><td>14</td></tr>
<tr><td colspan="2">Буџет, ребаланс, завршна с-ка</td><td>2</td></tr>
<tr><td colspan="2">Други акти (одлуки, декларација, програми)</td><td>1</td></tr>
<tr><td colspan="2">Информации, извештаи</td><td>2</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прашања, предлози</td><td>-</td></tr>
</table>

# Комисија за образование, наука и спорт

Комисијата одржа десет седници (17 точки на дневен ред) на кои беа разгледувани: законски проекти, Предлогот на буџетот на Република Македонија за 2004 година и Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2004 година и актуелни теми од областа на образованието.

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

- системот и организацијата на предучилишното воспитување и образование, основното, средното и високото образование;
- правото на настава на јазиците на заедниците во областа на воспитувањето и образованието;
- системот и организацијата на научно-истражувачката дејност;
- создавањето, примената и вреднувањето на пронајдоците, патентите и други инвентивни активности што произлегуваат од научното, уметничкото или друг вид интелектуално творештво;
- информатиката, научниот и технолошкиот развој и техничката култура;
- организацијата, развојот и функционирањето на информациониот систем во Републиката;
- образованието на младите, ученичкиот и студентскиот стандард;
- потикнувањето на интелектуалното, културното и научното творештво на младите;
- едукацијата за превентивна заштита на младите од болестите на зависност и од СИДА;
- развојот и унапредувањето на физичката култура;
- развојот на врвниот спорт и
- други прашања што се однесуваат на образованието, науката, младите и спортот.

## *Седници посветени на законски предлози*

Централно место во работата на Комисијата имаа законските предлози од областа на образованието, науката и спортот. На пет седници Комисијата се произнесе по 11 предлози на закони предложени од Владата на Република Македонија (осум закона) и од пратеници во Собранието на Република Македонија (три закона). Најголемиот број од законите кои беа предмет на комисиска расправа беа предлози за изменување и дополнување на постојната законска регулатива. За одбележување е дека низ оваа законска процедура се донесени измените и дополнувањата на законите за основното и за средното образование и на Законот за спортот, со кои се врши децентрализација на образованието во Република Македонија.

Членовите на Комисијата расправаа и за два нови законски проекти: Предлогот за донесување на закон за основање на Државен универзитет во Тетово (предложен од Владата на Република Македонија) и Предлогот за донесување на закон за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари (поднесен од група пратеници).

Комисијата расправаше и за буџетските проекции за 2004 година на кои беа посветени две сед-

ници: едната на Предлогот на буџетот на Република Македонија за 2004 година, а другата на Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2004 година.

Од комисиската работа произлегоа вкупно 22 амандмани.

### *Тематски седници на Комисијата*

Комисијата одржа три тематски седници посветени на актуелни теми од областа на образованието и науката.

На дводневно заседание Комисијата расправаше за образовната децентрализација во Република Македонија и за Проектот на Министерството за образование и наука за модернизација на образованието, со Оперативен прирачник на Проектот.

Комисијата одржа и тематска седница посветена на состојбите во високото образование, со осврт кон финансирањето и акредитацијата на високообразовните установи. Седницата се одржа во присуство на претставници на Министерството за образование и наука и на претседателите на Советот за развој и финансирање на високото образование и на Комисијата за донесување на Правилникот за мерилата и критериумите за финансирање на дејноста во високото образование.

На посебна седница Комисијата се вклучи во јавната расправа по Нацртот на националната програма за развој на образованието во Република Македонија (2005-2015). Од дводневната расправа по овој стратешки документ за образованието во државата, изготвен е Извештај за комисиските ставови и предлози, што е доставен до Националниот експертски тим кој го подготви Нацртот на програмата.

Во периодот за кој се однесува Извештајот, Комисијата достави писма до ректорите на државните и приватните универзитети во Република Македонија за одржување на седница, како еден вид тркалезна маса што ќе биде посветена на реформите во високото образование во согласност со Болоњската конвенција. Поканата е со задоволство прифатена од сите ректори, а седницата треба да се одржи во последното тримесечје од годинава.

Во рамките на прашањата за кои е надлежна Комисијата, во тек на подготовка се и седници на теми кои се однесуваат на состојбите во науката и научно-истражувачката дејност, едукацијата за превентивна заштита на младите од болестите на зависност и од СИДА и на спортот.

### *Средби и разговори со претставници на институции и граѓани*

Во рамките на овие активности, Комисијата остварени средби со претставници на :

- Асоцијација за напредно образование на Република Македонија

- Педагошката служба при Министерството за образование и наука

- Средното училиште ”Кемал Јахја” - Скопје

- Одбор на родители на Државното средно училиште ”Арсени Јовков” - Скопје

- Ректорот на Универзитетот ”Св. Кирил и Методиј” од Скопје, проф. д-р Ѓорѓи Мартиновски.

### *Билатерална соработка*

Комисијата за образование, наука и спорт заедно со Комисијата за култура, од 16 до 18 март 2004 година беше домаќин на делегација на Одборот за култура, образование, млади, наука и спорт на Државниот збор на Република Словенија, предводена од претседателот на Одборот Рудолф Моге.

Комисијата имаше средба и разговори во рамките на посетата на Пратеничката група на Парламентот на Република Летонија за соработка со Собранието на Република Македонија (15-19 мај 2004).

Во организација на Националниот демократски институт, претседателот на Комисијата Соња Лепиткова со група пратеници и генералниот секретар престојуваше во Унагарскиот парламент, каде што размени мислења и искуства со колегите од соодветната комисија.

Со цел за прибирање на компаративни искуства во образовната сфера, Комисијата достави писма за соработка до соодветната Комисија во парламентите на Република Албанија, Република Бугарија и на Република Хрватска.

### *Други активности*

Комисијата со свои претставници учествувала на повеќе семинари и работилници, посветени на реформите во сферата на образованието. Со свои претставници Комисијата учествувала и на промоции на документи во образовната сфера и во сферата на младите и спортот.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | **10** |
| Вкупно разгледани точки | | **17** |
| Измени на Уставот | | **-** |
| Закони по области | политички систем | **-** |
| | економски систем | **-** |
| | јавни дејности | **11** |
| Поднесени амандмани | | **22** |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | **2** |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | **2** |
| Информации, извештаи | | **2** |
| Прашања, предлози | | **-** |

# Комисија за култура

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-организација, развој и унапредување на културата;
-заштита на природното и културното наследство во Република Македонија;
-збогатување на историското и уметничкото творештво;
-афирмирање и заштита на врвни културни вредности, афирмација и заштита на авторството и авторското право;
-дејности за заштита и користење на движно и недвижно културно богатство;
-издавачка дејност и библиотекарство;
-споменично одбележување и заштита на спомениците на културата;
-употреба и заштита на македонскиот јазик;
-информирање на културни и други дејности заради изразување на идентитетот и особеностите на заедниците;
-определување годишнини на настани и личности од посебно значење за државно-правниот развој на Републиката, афирмација на историското и културното наследство и негување на општо цивилизациските вредности;
-начинот и формите на одбеледување на значајни настани и личности;
-активностите на посебни одбори формирани за одделни одбеледувања и
-други прашања кои се однесуваат на културата и одбележувањето годишнини на значајни настани и личности.

Согласно со Деловникот на Собранието на Република Македонија, Комисијата за култура својата активност ја остварува преку одржување редовни седници. Разгледани се повеќе прашања од кои би требало да се истакнат: Националната програма на културата; Законот за изменување и дополнување на Законот за културата, Законот за заштита на културното наследство; Законот за музеите; Законот за библиотеки; Законот за авторското право и сродните права, Законот за меморијалните споменици и спомен-обележја и друго.

Процесот на системско нормативно уредување и усогласување со европското законодавство во сферата на културата се одвива во континуитет. Во оваа смисла, се извршени измени и дополнувања на Законот за културата, Законот за авторското право и др. за кои Комисијата даде квалитетен придонес не само преку расправата на своите седници и на седница на Собранието, туку и со поднесување на амандмани.

За прв пат, согласно со Законот за културата, е донесена Национална програма за културата за периодот од 2004 до 2008 година, со која се проектираат среднорочните развојни насоки за остварување на националниот интерес во областа на културата, со цел за подигање на квалитетот на културата и на животот на индивидуален и на колективен план.

Комисијата во редовна постапка расправаше по Законот за заштита на културното наследство

кој има суштествено значење од аспект на нормативното уредување на единствен начин за заштитата на добрата од културно и историско значење. Во овој контекст, од посебна важност е одржувањето на седница на Поткомитетот за културно наследство од Советот на Европа во Собранието, на која со свои излагања по Законот за заштита на културното наследство настапија повеќе парламентарци од Советот на Европа.

Со оглед на тоа што дел од нормативната основа на системот за заштита на културното наследство ја сочинуваат посебните закони по одделни дејности, Комисијата даде свој придонес со мислења и предлози во расправата во прва фаза по Законот за музеите, Законот за библиотеките и Законот за меморијалните споменици и спомен-обележја. Донесувањето на овие закони ќе овозможи да се има кохерентен систем на заштита на културното наследство и регулатива компатибилна со европското законодавство.

Значаен дел од активностите на Комисијата се подготовките за изготвување на годишни програми за одбележување на значајни настани и истакнати личности. Досега се донесени програмите за 2003 и 2004 година, а во фаза на подготовка е програмата за 2005 година. Во својата работа Комисијата остварува соработка со државните органи, јавните служби, научните институции и здруженијата на граѓани. Со годишните програми се определуваат годишнини на значајни настани и истакнати личности од посебно значење за државно-правниот развој на Република Македонија, афирмацијата на нејзиното историско и културно наследство и негување на општоцивилизациските вредности и државните празници на Републиката утврдени со закон, а коишто ќе се одбележуваат во тековната година.

Комисијата за прашања од својот делокруг и пошироко, активно учествува со давање предлози и мислења на седниците на Собранието на Република Македонија. Комисијата има предложено 20 амандмана.

За овој период, покрај редовните седници, Комисијата има остварено меѓународни средби на билатерално ниво со претставници на парламентарни делегации на Словенија и Летонија.

Комисијата за култура имаше конструктивна средба со словенечката делегација на која беа разменети искуства од областа на културата, заемната соработка и хармонизацијата со европското законодавство. Делегацијата на Одборот за култура, образование, млади, наука и спорт на Државниот збор на Република Словенија, беше предводена од претседателот на Одборот господинот Рудолф Моге. Делегацијата во чиј состав беа членовите на Одборот Вили Трофеник и Соња Арех Лаурич и државниот потсекретар Урош Шпирнат, беше придружувана од амбасадорот на Република Словенија во нашата земја г. Марјан Шифтер.

Делегацијата на Парламентот на Република Летонија ја предводеше г. Аигарс Петерсонс, претседател на Пратеничката група и членовите во состав: Леополд Озолинш, Зинтарс Закис, Ерика Зомере и Скаидрите Берзина. Од посебен интерес е соработката со Република Латвија пред се во размената на искуства во процесот на приближување кон ЕУ доколку се имаат предвид успешните латвиски перформанси на овој план. Латвија стана членка на Унијата на 1мај 2004 година, како резултат на успешно финализирање на реформите потребни за влез во Европската унија.

Од особено значење е учеството на членови

од Комисијата за култура на Меѓународниот форум “Културата - фактор за стабилност во Југоисточна Европа“ што се одржа во Бугарија од 13 до 16 мај 2004 година. Меѓународниот форум се организираше под покровителство на комисиите за култура во парламентите на државите од Југоисточна Европа. Домакин на Првиот форум беше Република Бугарија, односно Комисијата за култура на Народното Собрание на Република Бугарија. Форумот, воедно претставува чекор во правилно насочување кон светската хармонизација која ќе го сочува културниот идентитет.

На овој Меѓународен форум со свои дискусии учествуваа: Ана Андова, заменик на член на тема: “Легислативните основи за зачувување на балканското култрурно наследство“ и д-р Михајло Георгиевски на тема “Придонесот на балканските култури во европскиот духовен свет“.

<table>
<tr><td colspan="2">Одржани седници</td><td>17</td></tr>
<tr><td colspan="2">Вкупно разгледани точки</td><td>31</td></tr>
<tr><td colspan="2">Измени на Уставот</td><td>-</td></tr>
<tr><td rowspan="3">Закони по области</td><td>политички систем</td><td>-</td></tr>
<tr><td>економски систем</td><td>3</td></tr>
<tr><td>јавни дејности</td><td>8</td></tr>
<tr><td colspan="2">Поднесени амандмани</td><td>25</td></tr>
<tr><td colspan="2">Буџет, ребаланс, завршна с-ка</td><td>2</td></tr>
<tr><td colspan="2">Други акти<br>(одлуки, декларација, програма)</td><td>16</td></tr>
<tr><td colspan="2">Информации, извештаи</td><td>2</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прашања, предлози</td><td>-</td></tr>
</table>

# Комисија за здравство

Комисијата за прашањата од својот делокруг активно учествува со давање предлози, мислења и дискусии на седници на работните тела и на пленарни седници. За овој период од Комисијата нема поднесено амандмани, туку членовите на Комисијата поединечно или во група имаат поднесено амандмани по прашања од областа на здравството.

По однос на тематската расправа, од особено значење е да се напомене дека Комисијата во дводневни дискусии има расправано за измените и дополнувањето на Законот за здравствената заштита, чија цел е подигање на стандардите на здравствената заштита на ниво на примарната заштита. Со реформираната акредитација и реакредитација ќе се обезбеди континуиран професионален развој за докторите кои работат во примарната здравствена заштита. Проектот за континуирана медицинска едукација е дел од реформската стратегија. Со предложениот закон се дава можност за започнување и спроведување на процесот на трансформација на јавниот здравствен сектор, и тоа приватизација на јавните аптеки и издавање под закуп на простор и опрема на јавни здравствени организации во кои се врши примарна стоматолошка дејност.

Исто така, расправата во двете фази по Законот за прекурзори чија материја за прв пат нормативно се регулира е мошне значајна од аспект на единствен пристап во легалниот промет на прекурзорите заради спречување на нивната злоупотреба за недозволено производство на наркотични дроги и психотропни супстанции, како и заради заштита на животот и здравјето на луѓето

НАДЛЕЖНОСТИ:
- -здравствената заштита на населението;
- -здравственото осигурување;
- -заштитата на населението од заразни болести, од штетно влијание на гасовите, јонизирачките зрачења за бучавата, загаденоста на воздухот, водата, земјиштето и животните производи;
- -заштита од болестите на зависност и од СИДА;
- -хигиенско-епидемиолошката состојба;
- -производството, прометот и снабдувањето со лекови, помошните лековити средства и медицинските помагала, медицинска опрема, санитетески уреди и материјали, отрови и опојни дроги;
- -санитарниот и здравствениот надзор и
- -други прашања што се однесуваат на здравството.

и на животната средина од штетното влијание на прекурзорите. Воедно, донесувањето на овој закон ќе значи хармонизирање на законската регулатива со европските директиви за прекурзори и други меѓународни конвенции.

Не помалку значајна е и расправата по Предлогот за донесување на законот за заштита на населението од заразни болести, со Предлог на закон. Потребата од донесување на овој закон произлегува од состојбите во Република Македонија, кои укажуваат на постоење на ризични фактори за појава и ширење на заразни болести што претставува проблем и на глобален план. Се јавува потреба од воведување на европски и светски стандарди и нормативи во следењето и контролата на заразните болести.

Комисијата покрена иницијатива за донесување на стратегија за развој на здравството во Република Македонија во која сите релевантни структури ќе учествуваат во доизградбата на здравствениот систем, а Владата ќе има клучна улога во промоција, поддршка и имплементација на приоритетите од стратешки план.

Покрај редовните седници, Комисијата оствари средба со претставници на Светската банка - Канцеларија во Македонија на нивно барање. Притоа, членовите на Комисијата се информираа за проектот за здравство кој вклучува поддршка за имплементација на политика, менаџмент и регулирање во здравството, а секако усогласен со Владата на Република Македонија.

Комисијата со свои претставници учествува во Националната меѓусекторска група за ХИВ-СИДА на Република Македонија.

Во рамките на своите надлежности, Комисијата континуирано соработува со Лекарската, Стоматолошката и Фармацевтската комора, како и со други институции и здруженија.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 5 |
| Вкупно разгледани точки | | 11 |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | 2 |
| | економски систем | 3 |
| | јавни дејности | 4 |
| Поднесени амандмани | | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | 1 |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | 1 |
| Информации, извештаи | | - |
| Прашања, предлози | | - |

# Комисија за труд и социјална политика

Во извештајниот период беа закажани четири седници. Поради континуирано несогласувања меѓу мене како нејзин претседател и членовите, две седници започнаа, но не продолжија со работа поради напуштање на седниците на членови на Комисијата. А на две седници немаше кворум за работење.

Петтата седница на Комисијата за труд и социјална политика беше закажана за 12.11.2003 година, а на дневен ред беше Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за социјалната заштита. Веднаш по започнувањето на седницата се отвори прашањето за почитување и толкување на Деловникот на Собранието на Република Македонија по што членови на Комисијата ја напуштија седницата и немаше кворум за работа. Шестата се одржа на 14.05.2004 година при што се повтори истата ситуација од претходната петта седница. На дневниот ред на оваа седница беа Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност, со Предлог на закон и Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за семејството. Последната седница на Комисијата беше закажана за 23 јули 2004 година, но не се одржа поради немање кворум. Претходно, исто така, поради немање кворум не се одржа седницата закажана на 23.04.2004 година.

НАДЛЕЖНОСТИ:
- работните односи и за заштитата на работниците на работа;
- правото на штрајк;
- вработување и права во случај на невработеност;
- заштита на жената на работа и заштита на мајчинството;
- платите и животниот стандард;
- социјалната политика и социјалната сигурност на граѓаните;
- системот, организацијата, развојот и унапредувањето на социјалната заштита и заштитата на децата;
- популационата политика, бракот и семејството;
- системот на пензиското и инвалидското осигурување;
- боречко-инавалидската заштита и заштитата на воените инвалиди и лицата прогонувани и затворани за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност и
- други прашања што се однесуваат на трудот и социјалната политика.

Несогласувањата меѓу мене како претседател на Комисијата и поголем дел членови на Комисијата, настанаа поради употребата на албанскиот јазик од моја страна за време на одржувањето на седниците. Според членови на Комисијата службен јазик е македонскиот јазик и според тоа седниците треба да се водат на тој јазик. Повеќето членови на Комисијата овој став го базираат врз основа на толкувањето на членот 3 од Деловникот на Собранието на Република Македонија од страна на Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања.

Од своја страна како претседател на Комисијата сметам дека членот 3 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Амандманот V став 2 од Уставот на Република Македонија и Рамковниот договор се јасни и дека согласно со нив, во Република Македонија службен јазик, покрај македонскиот јазик, е и албанскиот јазик и тоа на цела територија на Република Македонија.

Неодржувањето на седниците на Комисијата за труд и социјална политика негативно се одразува на работењето на Собранието на Република Македонија во оваа област како од аспект на законските предлози кои доаѓаат од Владата на Република Македонија, така и во поглед на иницијативите кои доаѓаат од другите субјекти.

# Комисија за деловнички и мандатно-имунитетни прашања

Комисијата има одржано осум седници.

Комисијата во рамките на својата надлежност и ингеренции кои произлегуваат од Деловникот на Собранието и Одлуката за основање на работни тела, ги разгледува извештаите на Државната изборна комисија за пратеници избрани од листа на кандидати кои станале пратеници за остатокот од мандатот. Согласно со оваа надлежност Комисијата го разгледа Извештајот на Државната изборна комисија за преземените работи согласно со членот 102 од Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија и за тоа на Собранието му поднесе извештај со предлог за верификација на мандатите.

Исто така, согласно со надлежноста да разгледува иницијативи за измена на Деловникот на Собранието на Република Македонија, Комисијата го разгледа Предлогот на одлуката за изменување и дополнување на Деловникот на Собранието на Република Македонија доставен од пратениците Илјаз Халими и Џевдет Насуфи.

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

Комисијата ги разгледува прашањата што се однесуваат за:
- спроведување на Деловникот на Собранието и на деловниците на работните тела и дава мислење за разрешување на спорни прашања;
- иницијативи за изменување на Деловникот на Собранието и деловниците на работните тела;
- предлагање на донесување, односно изменување и дополнување на Деловникот на Собранието;
- извештаите на Државната изборна комисија за пратеници од листата на кандидати кои станале пратеници за остатокот од мандатот;
- основите за престанок и одземање на мандатот на пратеник и за тоа на Собранието му поднесува извештај;
- имунитетот на пратениците, судиите и јавниот обвинител и неговите заменици и
- други прашања во врска со Деловникот и мандатно-имунитетните права.

Согласно со членот 103 од Деловникот на Собранието, Комисијата го разгледа Предлогот на правилникот за користење на стенографските белешки од седниците на Собранието на Република Македонија преку информатичката мрежа.

Исто така, Комисијата согласно со своите надлежности и ингеренции ги разгледува и прашањата кои се однесуваат на спроведување на Деловникот на Собранието и деловниците на работните тела и дава мислење за разрешување на спорните прашања. Во овој период Комисијата на своите седници ги разгледа барањата за давање мислење кои беа доставени до неа, а се однесуваат на:

- Барање за давање мислење во врска со примената на членот 83 од Деловникот на Собранието на Република Македонија,

- Барање за давање мислење во врска со примената на членот 86 од Деловникот на Собранието на Република Македонија,

-Барање за давање мислење во врска со непочитувањето на Деловникот на Собранието на Република Македонија, за употребата на техничките средства од пратеникот Никола Груевски и нарушувањето на редот во Собранието од страна на пратеници на ВМРО ДПМНЕ, поднесено од група пратеници и

-Барање за одобрување притвор на пратеникот во Собранието на Република Македонија Љубе Бошковски поднесено од Основното јавно обвинителство Скопје КО бр.1471/04, од 30.04.2004 година.

<table>
<tr><td colspan="2">Одржани седници</td><td>8</td></tr>
<tr><td colspan="2">Вкупно разгледани точки</td><td>8</td></tr>
<tr><td colspan="2">Измени на Уставот</td><td>-</td></tr>
<tr><td rowspan="3">Закони по области</td><td>политички систем</td><td>-</td></tr>
<tr><td>економски систем</td><td>-</td></tr>
<tr><td>јавни дејности</td><td>-</td></tr>
<tr><td colspan="2">Поднесени амандмани</td><td>-</td></tr>
<tr><td colspan="2">Буџет, ребаланс, завршна с-ка</td><td>-</td></tr>
<tr><td colspan="2">Други акти<br>(одлуки, декларации, програми)</td><td>7</td></tr>
<tr><td colspan="2">Информации, извештаи</td><td>1</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прашања, предлози</td><td>-</td></tr>
</table>

# Комисија за европски прашања

НАДЛЕЖНОСТИ:
- усогласеноста на предлозите за донесување закони, односно предлозите на закони со законодавството на Европската унија;
- следењето и поттикнувањето на процесот на усогласување на законодавството на Република Македонија со законодавството на Европската унија, предлага мерки за унапредување на постапките за усогласување, дава мислења и предлози за активностите на работните тела на Собранието на овој план;
- исполнувањето на обврските што произлегуваат од спогодбите меѓу Република Македонија и Европската унија;
- следењето на активностите на Владата и органите на државната управа насочени кон стекнување на членство на Република Ма-кедонија во Европската унија и во врска со нив дава мислења и препораки;
- остварувањето на програмите и другите акти на институциите на Европската унија во Република Македонија, вклучувајќи ги и програмите за финансиска поддршка;
- редовно информирање на Собранието за сите прашања сврзани за европската интеграција;
- активности за информирање на јавноста во врска со евроинтеграцијата;
- соработка со соодветни комисии на други земји и
- разгледува други прашања во врска со евроинтеграцијата.

Во извештајниот период Комисијата за европски прашања:

- разгледа 17 законски предлози на усогласување на нашето со законодавството на ЕУ, но, истовремено, констатира дека се потребни измени во Деловникот на Собранието за да се обезбедат соодветни собраниски процедури во процесот на усогласување на законодавството, како и воопшто за улогата и надлежностите на Собранието и неговите работни тела во процесот на евроинтерацијата;

- разгледа два тримесечни извештаи на Владата на Република Македонија за состојбата во областа на евроинтеграциите. Преку овие извештаи, кои се доставуваат до сите пратеници заедно со извештајот на Комисијата, се обезбедува механизам за увид и контрола во работата на Владата на полето на евроинтеграцијата, вклучително и за спроведувањето на спогодбите и програмите што РМ ги има со ЕУ. Посебни тематски седници беа организирани за најавата на Владата за поднесување барање за членство во ЕУ и за ПРОКСИМА. Во рамките на својата надлежност да дава мислења и препораки до Владата, Комисијата даде позитивно мислење, со свои забелешки, за Националната стратегија за евроинтеграција;

- покрај редовните извештаи за своите активности, беа подготвени и доставени до Собранието три студиски КОСАК материјали преку кои на пратениците им се обезбедува увид

и информирање за најновите тенденции во развојот на парламентарната димензија на ниво на ЕУ. Беа организирани и три работилници/презентации за одредени европски прашања (законодавство, користење на ТАЕКС помошта).

- за максимална јавност во работата и информирање на граѓаните за прашањата на евроинтеграцијата, сите извештаи и други документи од работата на Комисијата, во најкраток можен рок, се ставаат на ВЕБ страницата на Собранието, а Комисијата може да биде контактирана и преку посебна електронска адреса. Комисијата започна соработка и со невладиниот сектор од областа на европските прашања со присуство и сослушување на ставовите на невладини организации за барањето за членство на РМ во ЕУ и преку прифаќање на сите добиени покани од невладини организации за обраќање или учество на претседателот и/или членовите на Комисијата за запознавање со улогата на Собранието или Комисијата во процесот на евроинтерацијата.

- воспоставен е контакт со сите комисии за европски прашања на земјите членки на ЕУ, земјите кандидати/апликанти/аспиранти за членство, а остварени се и неколку билатерални средби и други меѓународни контакти. Комисијата присуствуваше како специјален гостин на работата на Конференцијата на комисиите за европски прашања на парламентите на земјите членки (КОСАК), оддржана во Даблин, во мај 2004 година.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 14 |
| Вкупно разгледани точки | | 41 |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | 8 |
| | економски систем | 4 |
| | јавни дејности | 5 |
| Поднесени амандмани | | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | 24 |
| Информации, извештаи | | - |
| Прашања, предлози | | - |

## ОДРЖАНИ СЕДНИЦИ И РАЗГЛЕДАНИ АКТИ

| Комисија за | Одржани седници | Вкупно разгледани точки | Змени на Уставот | Закони по области | | | Поднесени амандмани | Буџет, ребаланс, завршна с-ка | Други акти (одлуки, деклар.прогр.) | Информации Извештаи | Прашања, предлози |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Политички Систем | Економски систем | Јавни дејности | | | | | |
| уставни прашања | 1 | 1 | 1 | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Законодавно-правна комисија | 19 | 231 | 1 | 49 | 114 | 40 | 453 | 2 | 25 | - | - |
| одбрана и безбедност | 7 | 29 | 1 | 12 | 2 | - | 21 | 2 | 3 | - | 7 |
| политички систем и односи меѓу заедниците | 18 | 63 | - | 34 | 11 | 3 | 10 | 1 | 8 | 6 | - |
| надворешна политика | 11 | 24 | - | 14 | 9 | 1 | - | - | - | - | - |
| прашања на изборите и именувањата | 11 | 32 | - | - | - | - | - | - | 32 | - | - |
| Постојана анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот | 4 | 12 | - | 1 | - | 1 | - | - | 1 | 9 | - |
| надзор над работата на Управата за безбедност и контраразузнавање и на Агенцијата за разузнавање | 2 | 2 | 1 | - | - | - | - | 1 | - | - | - |
| финансирање и буџет | 12 | 44 | - | - | 39 | - | 3 | 3 | 1 | 1 | - |
| економски прашања | 8 | 15 | - | - | 13 | - | - | 2 | - | - | - |
| земјоделство, шумарство и водостопанство | 9 | 20 | - | - | 13 | - | 1 | 2 | - | 2 | 3 |
| транспорт, врски и екологија | 8 | 34 | - | - | 29 | - | 14 | 2 | 1 | 2 | - |
| наука, образование и спорт | 10 | 17 | - | - | - | 11 | 22 | 2 | 2 | 2 | - |
| култура | 17 | 31 | - | - | 3 | 8 | 25 | 2 | 16 | 2 | - |
| здравство | 5 | 11 | - | 2 | 3 | 4 | - | 1 | 1 | - | - |
| труд и социјална политика | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| деловнички и мандатно-имунитетни прашања | 8 | 8 | - | - | - | - | - | - | 7 | 1 | - |
| европски прашања | 14 | 41 | - | 8 | 4 | 5 | - | - | 24 | - | - |
| **Вкупно:** | **164** | **614** | **4** | **120** | **240** | **73** | **549** | **20** | **121** | **26** | **10** |

# 3.2. КОМИТЕТ ЗА ОДНОСИ МЕЃУ ЗАЕДНИЦИТЕ

Комитетот за односи меѓу заедниците е установен со Уставот на Република Македонија односно со Амандманот XII на Уставот на РМ ("Службен весник на РМ" бр. 91/2001), со кој е утврдена неговата положба и генерално е определена неговата надлежност. Покрај тоа, прашањата за надлежноста поблиску определени со Одлуката за основање на Комитетот за односи меѓу заедниците ("Службен весник на РМ" бр. 85/2002) со која, всушност, се нагласуваат мошне значајните прашања за кои расправа Комитетот, гради ставови и дава предлози за нивно решавање.

Со Одлуката за избор на членови на Комитетот ("Службен весник" бр. 92/2002) е утврден составот на Комитетот, така што истиот го сочинуваат 19 члена од кои седум члена Македонци, седум члена Албанци и пет члена од другите заедници, и тоа еден Турчин, еден Влав, еден Ром, еден Србин и еден Бошњак.

Во периодот кој е предмет на овој извештај, Комитетот одржа шест седници, со следни дневни редови:

1. седница: Конститутивна седница на Комитетот;

2. седница:

Нацрт на деловник на Комитет,

Предлог за донесување на закон за основање на Државен универзитет во Тетово, со Предлог на закон и

Предлагање на прашања што ќе ги разгледува Комитетот во натамошното работење.

НАДЛЕЖНОСТИ:

- го следи обезбедувањето на правата на припадниците на заедниците кои не се во мнозинство во Републиката утврдени со Уставот и закони;
- разгледува начелни прашања од областа на односите меѓу заедниците и извршувањето на законите и другите прописи и општи акти од оваа област;
- укажува на потребата за донесување закони и други прописи и општи акти со кои се уредуваат односите меѓу заедниците;
- разгледува предлози на закони и на други прописи и општи акти што ги донесува Собранието од областа на односите меѓу заедниците;
- остварувањето на правото на употреба на јазикот и писмото на заедниците кои не се во мнозинство во Републиката, утврдено со Уставот и закон;
- остварувањето на правото на настава на јазикот на заедниците кои не се во мнозинство во Републиката во областа на образованието, утврдено со Уставот и закон и;
- остварувањето на правото на изразување на идентитетот и особеностите на заедниците кои не се мнозинство во Републиката во областа на културата, информирањето, издавачката дејност и во други области, утврдено со Уставот и закон.

3. седница Предлог на националната програма за културата за периодот од 2004 до 2008 година.
4. седница: Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за патните исправи на државјаните на Република Македонија, со Предлог-закон;
5. седница: Состојбите во основното и средното образование, со посебен осврт на остварувањето на правото на настава на јазикот на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија,
6. седница: Разгледување на извештајот на ЕКРИ.

Со оглед на сериозноста во пристапувањето на прашањата кои ги разгледуваше, Комитетот некои од своите седници ги одржуваше со две или три продолженија, сè со цел што посериозно да ги разгледа предвидените теми, односно прашања.

Тргнувајќи од својата надлежност, Комитетот во овој период разгледуваше прашања што се однесуваат на остварувањето на правото на изразување на идентитетот и особеностите на заедниците кои не се во мнозинство во Републиката утврдено со Устав и закон. Во таа смисла Комитетот го разгледа Предлогот на националната програма за културата од 2004 до 2008 година давајќи поддршка на темелните принципи содржани во Предлогот на програмата. Притоа, тргнувајќи од својата надлежност, се задржа на точката 2 од принципите, која се однесува на негување на богатството од различности во културниот идентитет на Македонија. Комитетот даде поддршка на определбата државата да ја поттикнува и да ја помага културата преку создавање еднакви услови за изразување, за негување и за афирмација на културниот идентитет на сите заедници, така што ќе се прошират материјалните, институционалните и кадровските претпоставки за развој на културата на сите заедници, обезбедувајќи еднакви услови за нејзиното остварување. Укажувањата на Комитетот беа прифатени од Предлагачот на програмата, по што некои од нив дополнително беа вградени, односно трансформирани во амандмани и доставени на Собранието на РМ, односно беа вградени во конечниот текст на Програмата.

Комитетот, исто така, обрати особено внимание и на разгледувањето на прашања сврзани со состојбите во основното и средното образование, со посебен осврт на остварувањето на правото на настава на јазикот на заедниците кои не се во мнозинство во Република Македонија.

Вниманието Комитетот го насочи кон два аспекта:

Првиот аспект, на кој Комитетот особено се задржа, е прашањето на согледување на состојбите во правец на остварувањето на правото на настава на јазикот на заедниците кои не се во мнозинство во Републиката во областа на образованието, утврдено со Уставот и закон, при што констатира дека Република Македонија во принцип има правилен пристап и добра нормативна поставеност за овие прашања.

Второ, разгледувајќи ги прашањата сврзани кон согледување на состојбата во основното и средното образование воопшто, Комитетот укажа на потребата од подобрување на условите во сферата на основното и средното образование, без разлика на јазикот на кој се изведува наставата.

Комитетот, меѓу другото, констатира дека постои подем од општо подобрување на опфатот на учениците во основното и средното образование на припадниците на заедниците што не се во мнозинство, односно дека постои еден позитивен процес на движење кон бројот на запишани и кон бројот на завршени ученици. Комитетот се заложи за преземање на мерки тој процес да продолжи особено во средното образование, нагласувајќи ја потребата од преземање на мерки за опфат на

женската популација, особено од оддалечените планински подрачја. Со цел да се надминат присутните проблеми и појавените слабости, Комитетот предложи мерки, како што се: укажување дека во Буџетот треба да се издвојат повеќе средства за сите училишта , независно од јазикот на кој се изведува наставата, со што ќе се подобрат просторните услови, односно инфраструктурата во основното и средното образование; Министерството за образование и наука да преземе потребни активности кон оспособување на наставен кадар на оние наставни јазици каде што е констатиран недостиг, вклучувајќи ги потребите и за факултативна настава на јазиците за припадниците на оние заедници, за кои таа е утврдена. Во тој правец, Комитетот оцени дека е потребно изградување на систем за континуирано стручно и педагошко усовршување на наставниците и воспоставување на стандарди за вреднување на нивниот квалитет; укажа дека Министерството за образование и наука е должно, согласно со законот, да преземе мерки во однос на учебникарската дејност, во смисла на надминување на состојбата од недостаток на учебници на дел од наставните јазици, вклучувајќи ги и оние наменети за факултативна настава за припадниците на заедниците за кои таа е утврдена. Притоа Комитетот укажа дека е потребно во учебниците да бидат опфатени посовремени методи и збогатени со понови податоци , со цел да се следат и новите трендови во европското образование, воопшто.

Комитетот укажа дека е потребно осовременување на постојните и развивање на нови наставни планови и програми кои ќе кореспондираат со потребите на поединците, државата и пазарот на трудот што ќе овозможи зголемување на општествено-интегративната функција на образовните институции.

Комитетот особено нагласи дека, со оглед на севкупното значење на образованието и неговата улога во градењето на младата личност, релевантните субјекти вклучени во сферата на образованието, во прв ред Министерството за образование и наука, треба да се раководат од принципот на деполитизација на образованието. Во таа смисла, Комитетот се заложи да се обрне поголемо внимание при изработката на проектите за деполитизација, како и тој процес да се забрза, оценувајќи дека во наставните програми и учебниците се недопустливи содржини кои придонесуваат за нарушување на соживотот на младите луѓе и се спротивни на нашата заедничка крајна цел, евроатлански интеграции.

По барање на дел од членовите на Комитетот, на дневен ред пред Комитетот беше и Предлогот за донесување на закон за патните исправи на државјаните на Република Македонија, со Предлог на закон. Имено, Комитетот заклучи да му предложи на Собранието предложениот закон да се дополни, така што на граѓаните кои зборуваат јазик различен од службениот јазик , на нивно лично барање, податоците за личното име што се внесуваат во пасошот да се запишуваат на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на јазикот и писмото што го употребува граѓанинот. Ваквото мислење на Комитетот имаше за цел во рамките на концептот на граѓанско општество да обезбеди целосно почитување на основните слободи и права на граѓанинот како базична премиса на демократскиот развој на Република Македонија. Притоа се имаше предвид дека ваквото решение е обврска што произлегува од Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства, ратификувана од Собранието на Република Македонија според која страните се обврзуваат да му го признаат на секој припадник на на-

ционално малцинство правото да го користи своето презиме и своите имиња на малцинскиот јазик, како и правото на нивното официјално признавање според модалитетите предвидени во нивниот правен систем. Комитетот оцени дека , согласно со Уставот на РМ, односно ратификуваните меѓународни документи ваквото решение е обврзувачко за Република Македонија, со него не се повредува ниту една одредба на Уставот на РМ и дека истото овозможува ефективна заштита на етничкиот идентитет на заедниците кои не се во мнозинство во Република Македонија.

За одбележување е фактот дека Комитетот за односи меѓу заедниците заклучи во своето натамошно работење да расправа и за прашања сврзани со остварувањето на правата и на другите заедници кои живеат во Република Македонија, посочувајќи ја притоа ромската заедница, при што укажа дека е потребен покомплексен пристап кон разгледување на ова прашање, нагласувајќи ја пред с□ економската страна на проблемот.

Дел од активноста на Комитетот се однесуваше на остварување на некои средби и разговори со членови на советодавниот комитет на Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства на Советот на Европа, како и со делегација на Европската комисија против расизам и нетолеранција, на коишто гостите покажаа интерес за прашања сврзани со работата на Комитетот за односи меѓу заедниците, односно начинот на неговото работење.

# 4. ПРЕТСЕДАТЕЛ И ПОТПРЕТСЕДАТЕЛИ

## 4.1. ПРЕТСЕДАТЕЛ

**Средби со странски делегации во Скопје**

- Делегација на Република Бугарија предводена од министерот за одбрана Николај Свинаров (15.12.2003);

- Делегација на Парламентот на Република Албанија предводена од претседателот Сервет Пелумби (24 јануари 2004);

- Делегација на Република Словачка предводена од претседателот Рудолф Шустер (19 февруари 2004);

- Остварени четириесет и две куси средби со странски делегаци и претставници присутни на погребот на претседателот на Република Македонија Борис Трајковски (4/5 март 2004);

- Делегација на Чешката Република предводена од премиерот Владимир Шпидла (17 март 2004);

- Делегација на Одборот за култура, образование, млади, наука и спорт на Државниот збор на Република Словенија, (17 март 2004);

- Делегација на Франкофонијата за набљудување на претседателските избори, предводена од претседателот на парламентарната група Франција-Македонија во Француското национално собрание Марсел Деу (27 април 2004);

- Делегација на Заедницата на Македонците во Албанија, предводена од претседателот Емил Митревски (5 мај 2004);

- Делегација на Република Албанија предводена од министерот за надворешни работи Кастриот Ислами (6 мај 2004);

- Делегација на Република Албанија предводена од министерот за култура Луан Мемуши (11 мај 2004);

- Генерален секретар на НАТО Јап де Хооп Шефер (27 мај 2004);

- Делегација на Република Словенија предводена од претседателот на Владата Антон Роп (11 јуни 2004);

- Делегација на Комисијата за надворешна политика на Собранието на Република Хрватска предводена од претседателот Невен Јурица (11 јуни 2004);

- Британскиот пратеник Тери Дејвис кандидат за генерален секретар на Советот на Европа (14 јуни 2004);

- Делегација на Република Албанија предводена од премиерот Фатос Нано (18 јуни 2004);

- Делегација на Државниот збор на Република Словенија предводена од потпреседателот Валентин Похорец (28 јуни 2004);

Претседателот на Собранието на Република Македонија д-р Љупчо Јордановски на оваа функција беше избран на четириесет и третата седница на Собранието одржана на 18 ноември 2003 година, по престанокот на мандатот на дотогашниот претседател г-дин Никола Поповски, поради неговиот избор за министер за финансии во Владата на Република Македонија. Доаѓајки на оваа одговорна функција, претседателот своето примарно внимание го насочи кон тоа Собранието успешно и најефикасно да ја остварува својата основна функција на носител на законодавната власт на Република Македонија.

Во тој поглед заклучно со месец октомври 2004 година, во тековниот мандат на овој собраниски состав одржани се вкупно 81 седница, од тоа четириесет ги свикал и им претседавал д-р Љупчо Јордановски, по неговиот избор за претседател на Собранието.

Исто така, значајно е да се истакне дека Собранието на Република Македонија во последнава измината година од своето работење сите добиени законски проекти од Владата се разгледани и донесени, па во тој поглед нема заостанати и не завршени седници на Собранието.

Во овој дел примарно е значајна улогата и позицијата на претседателот на Собранието. Тој се грижеше за примената на Деловникот и во давањето појаснување во врска со неговата примена, при што во некои случаи бараше мислење од Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања.

Кога станува збор за остварувањето на неговите бројни со Устав и со Деловникот утврдени надлежности како позначајни можат да се истакнат:

-испитувањето и оценувањето на уредноста за предлозите за донесување на закони и за распишување на референдум, како и планирањето на динамиката на седниците на Собранието според значењето, природата и времето на поднесувањето на предлозите на акти и други материјали;

-грижата за усогласување на активностите на Собранието со претседателот на Републиката и со Владата;

- соработка со координаторите на пратеничките групи по прашања за унапредување и поефикасно работење на Собранието;

- се грижеше за остварувањето на правата на пратениците и за обезбедување услови за нивната работа;

-заедно со потпреседателите по правило на седниците на претседателството прифаќаше покровителства од страна на Собранието за одделни прослави и на настани од значење за Републиката и определуваше претставници на Собранието на тие прослави, како и претставници на

- Делегација на Парламентарното собрание на НАТО предводена од претседателот Даглас Биројтер (29/30 јуни 2004);

- Делегација на Србија и Црна Гора предводена од претседателот Светозар Маровиќ ( 7 јули 2004);

- Делегација на Вонредната комисија за заштита и поддршка на човековите права на Сенатот на Република Италија предводена од претседателот сенаторот Енрико Пјанета (20 јули 2004);

- Делегација на САД, помошник државен секретар за Централна и Јужна Европа Кетлин Стивенсон (21 јули 2004);

- Делегација на Република Словенија, министер за европски прашања Милан Цвикл (1 септември 2004) и

- Делегација на Република Хрватска, премиер д-р Иво Санадер (6 септември 2004);

### Средби со амбасадори и други дипломатски претставници

- амбасадорот Донато Кјерини, шеф на Делегацијата на Европската комисија ( 27 ноември 2003)

- амбасадорот на Република Турција Мехмет Ташер (28 ноември 2003);

- амбасадорот на Велика Британија Џорџ Едвард (1 декември 2003);

- амбасадор на Кралството Шведска Ларс Горан Енсфелд (2 декември 2004);

- амбасадорот на Украина д-р Владимир Толкач ( 4 декември 2004);

- амбасадорот на НР Кина Џонг Вансуи (5 декември 2004);

- амбасадорот на Република Словенија Марјан Шифтер (8 декември 2004);

- шефот на Канцеларијата на УНХЦР Катерина Вокер (8 декември 2004);

- амбасадорот на САД Лоренс Батлер ( 10 декември 2004);

- амбасадорот на Република Австрија Филип Хојс (11 декември 2004);

- амбасадорот Алексис Брунс, специјален претставник на ЕУ (17 декември 2003);

- амбасадорот на Република Молдавија Василе Струнза (17 декември 2003);

- амбасадорот на Руската Федерација Агарон Асатур (17 декември 2003);

- амбасадор Алексис Брунс, специјален претставник на ЕУ (13 јануари 2004);

- амбасадор на Унгарија Ференц Покал (15 јануари 2004);

- директорот во Светската банка за Република Македонија Орсалиа Калантзопоулос (16 јануари 2004);

- амбасадорот на Велика Британија Џорџ Едгар (16 јануари 2004);

- амбасадорот Николас Бигман, цивилен претставник на НАТО (19 јануари 2004);

- амбасадорот на Србија и Црна Гора Бисерка Матиќ-Спасојевиќ (19 јануари 2004);

- амбасадорот на Кралството Мароко Абдесиам Рарбауи (21 јануари 2004);

- амбасадорот на Швајцарија Стефан Нелен (21 јануари 2004);

- амбасадорот на Кралството Белгија Филип Беке (22 јануари 2004);

- амбасадорот на Канада Доналд Макленан (28 јануари 2004);

- амбасадорот на Босна и Херцеговина Сава Чеклиќ (29 јануари 2004);

- амбасадорот Сорен Јесен Петерсен, специјален претставник на ЕУ (6 февруари 2004);

- амбасадорот на Мексико Карлос Акехандро Родригез и Куезада (11 февруари 2004);

- амбасадорот на Босна и Херцеговина Сава Чеклиќ (15 февруари 2004);

- амбасадорот Карлос Паис, шеф на мисијата на ОБСЕ (20 февруари 2004);

- амбасадорот Сорен Јесен Петерсен, специјален претставник на ЕУ (16 март 2004);

- амбасадорот Донато Кјерини, шеф на Делегацијата на Европската комисија ( 31 март 2004);

- амбасадорот на Унгарија Ференц Покал (23.4. 2004);

- амбасадорот на Руската федерација Агарон Асатур (10 мај 2004);

- амбасадорот на Украина О.Шовкопљас (25 јули 2004);

- амбасадорот на Швајцарија Стефан Нелен (5. јуни 2004);

- директорот на Националниот демократски институт Крис Хеншоу ((6 јули 2004);

- амбасадорот на Велика Британија Џорџ Едгар (8 јули 2004);

- амбасадорот на Кралството Холандија Фредерика де Ман (12 јули 2004);

- амбасадорот на Република Македонија во Швајцарија Махмуд Ибрахими (12 јули 2004);

Собранието за други настани во земјата и во странство;

-многу интезивно ја следеше работата на Службата на Собранието за унапредување на нејзината работа и за создавање услови за нејзино современо и ефикасно работење особено со подоследното и ефикасно користење на современите информатички средства и

-се грижеше за обезбедување финансиски средства за работата на Собранието како и бројни други одговорни обврски кои произлегуваат од Уставот и Деловникот на Собранието.

Анализирајќи ја работата на Собранието на Република Македонија, покрај онаа негова превасходна законодавна функција, неизбежно е во ваква прилика да истакнеме дека Собранието беше значаен субјект и партиципиент во остварување на интерсите на нашата држава во надворешната политика и односите со странство.

Кога станува збор за остварувањето на меѓународната соработка на Собранието и неговото претставување во тој дел, во Деловникот посебно е нагласена позицијата на претседателот, од името на Собранието да остварува меѓународна соработка со парламентарните, дипломатско-конзуларните и други претставници на странски држави, на меѓународни организации, како и со други видни странски личности.

Претседателот заедно со потпретседателите одлучуваше за прием на

делегации на парламенти на други држави и на претставници на други органи и организации од странство и за испраќање постојани и повремени делегации во странство и ги координираше активностите на Собранието, на работните тела, како и на делегациите, пратеничките групи за соработка со други парламенти, мешовити работни групи и пратениците во остварувањето на меѓународната соработка.

Во делот на меѓународната соработка што ја оствари претседателот во изминатиот период може да зборуваме за извонредно голем број средби и контакти, за кои краток осврт и преглед се дава во извештајот.

*Претседателот на Собранието на Република Македонија д-р Љупчо Јордановски, согласно со член 82 став1 од Уставот, по трагичната смрт на претседателот на државата Борис Трајковски, до изборот на новиот претседател, во периодот од 7 март до 12 мај 2004 година ја вршеше и функцијата претседател на државата.*

- амбасадорот на Чешката Република Јудита Штоурчова (13 јули 2004);
- амбасадорот Сорен Јесен Петерсен, специјален претставник на Европската унија (14 јули 2004);
- амбасадорот на САД Лоренс Батлер (16 јули 2004);
- амбасадорот Сорен Јесен Петерсен, проштална посета на специјалниот претставник на ЕУ (20 јули 2004);
- амбасадорот Микел Салин, специјален претставник на ЕУ (6 август 2004);
- амбасадорот Кралството Норвешка Даг Халверсен (13 август 2004);
- амбасадорот на Велика Британија Роберт Четертон Диксон (2 септември 2004);
- амбасадорот на Иран Абдолмаџиет Мозафери (9 септември 2004);
- амбасадорот на Финска Алпо Руси (15.9.2004 );
- делегација на Парламентарнат група на Полскиот сејм за соработка со Република Македонија - Чеслава Христова Гжежок Гурњак, Цезари Стријак (16.9.2004);
- парламентарниот секретар во МНР на Јапонија Шого Араи (17 септември 2004);
- амбасадорката на Србија и Црна Гора, Бисерка Матиќ Спасоевиќ (20 септември 2004);
- парламентарна делегација на Финска предводена од Јари Вилен, претседател на Комисијата за европски прашања (21. септември 2004);
- претставници на Институтот за рагионални и меѓународни истражувања-ИРМИ, од Софија: д-р Огњан Минчев, извршен дирецтор, Марин Лесенски, програмски директор и Горан Стојковски од институт Евро Балкан (22 септември 2004);
- амбасадорот на Република Словенија Марјан Шифтар (4 октомври 2004);
- министерот за национално образование на Република Турција Хусеин Челик (6 октомври 2004 );
- специјалниот преставник на Европската унија во Република Македонија Микел Салин (8 октомври 2004);
- новонаименуваниот амбасадор на Република Македонија во Австралија Виктор Габер (13 октомври 2004);
- министерот за надворешни работи на Украина Костјантин Гришченко (20 октомври 2004 );
- парламентарната делегација од Белгискиот парламент на чело со г-дин Херман де Кро, претседател (2 октомври 2004);
- делегација на Комисијата за надворешни работи на Обединетото Кралство, предводена од Доналд Андерсон, претседател на Комисијата (11 ноември 2004);
- амбасадорот на Израел г-ѓа Јафа Бен Ари, (15 ноември 2004).

## *УЧЕСТВО НА МЕЃУНАРОДНИ КОНФЕРЕНЦИИ И МАНИФЕСТАЦИИ ВО СТРАНСТВО*

- Шеснаесеттиот состанок на претседателот на ЕП со претседателите на парламентите вклучени во процесот на проширување на ЕУ (3-5 февруари 2004, Будимпешта). Остварени и билтерални средби со: претседателот на ЕП Пат Кокс, претседателот на Унгарскиот парламент Каталин Сили, претседателот на Саборот на Хрватска Владимир Шекс, претседателот на Парламентот на Албанија Сервет Пелумби, претседателите на двата парламентарни дома на БиХ Мустафа Памук и Никола Шпириќ, претседателот на Собранието на Србија и Црна Гора д-р Драгољуб Миќуновиќ и претседателот на Големото национално собрание на Турција Булент Аринч.

- Седмиот самит на шефови на држави и влади на Процесот за соработка во Југоисточна Европа ( 21април 2004, Сараево). Остварени и билатерални средби со: претседавачот на Претседателството на БиХ Сулејман Тихиќ, претседателот на Владата на Република Албанија Фатос Нано, претседателот на Република Бугарија Георги Прванов, претседателот на Србија и Црна Гора Светозар Маровиќ и претседателот на Владата на Република Грција Константин Караманлис.

- Европската конференција на претседателите на парламентите (17-19 мај 2004, Стразбур). Остварени и билатерални средби со: претседателот на Парламентарното собрание на Советот на Европа Петер Шидер, претседателот на Државниот збор на Словенија Борут Пахор и потпретседателот на Европскиот суд за човекови права Жан Пол Коста.

- Дваесет и третото пленарно заседание на Парламентарното собрание на Црноморската економска соработка (1-2 јуни 2004, Санкт Петерсбург). Остварени и билатерални средби со претседателот на Федералното собрание на Руската федерација Сергеј Миронов и со генералниот секретар на Постојаниот секретаријат на ЦЕС Валериј Шакашвили и

- Присуство на комеморацијата и погребот на сојузниот претседател на Австрија д-р Томас Клестил ( 9 јули 2004, Виена).

## *ОБРАЌАЊА НА МЕЃУНАРОДНИ ТЕМИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА*

*- По повод влегувањето во сила на Спогодбата за стабилизација и асоцијација и поднесувањето на барање за членство во Европската унија (1 април 2004, Скопје);*

*- На меѓународната конференција во организација на Евроатлантскиот клуб на Македонија ”Од Јадранската повелба до членство во НАТО” (21 мај 2004, Скопје) и*

*- На Средбата на делегациите на комисиите за надворешна политика на парламентите на земјите опфатени со паневропскиот Коридор 8 (17 јуни, Охрид).*

### *МУЛТИЛАТЕРАЛА*

*- Стефан Лене, директор на Генералниот директорат 6 на Советот на Европската унија (15 октомври 2004);*

*- Тами Еванс, политички советник на Генералштабот на НАТО во Скопје, (4 октомври 2004)*

## г-ѓа Лилјана Поповска

### Учество на меѓународни конференции и манифестации во странство

- Работна средба на Пактот за стабилност за мир и помирување во Југоистична Европа (Белград 01.12.2003)
- Инагуративна седница на Евро-медитерантското парламентарно собрание ( Атина, 22/23 март 2004);
- Четврта конференција на претседателите на парламентите на земјите на ПСЈИЕ (Сараево, 27 март 2004)
- Цетински Парламентарен форум "Билатерална и мултилатерална соработка на Парламентите на патот кон Европската интеграција на билатералните договори во регионалната и Европската интеграцијаг (Цетиње, 8/9.02.2004)
- Претставник на Република Македонија на погребот на поранешниот Претседател на САД, Роналд Реган (Вашингтон 10/12.06.2004)
- Свечено отварање на стариот мост во Мостар (Мостар 23.07.2004)
- Работен состанок на проектот "Парламентарна мрежа на Европското соседство" (Братислава 23.10.2004)

### Средби со странски делегации во Скопје

- Делегација на Република Германија во врска со парламентарен практикум во Германскиот Бундестаг (17.11.2003)
- Парламентарна делегација на Република Словенија предводена од претседателот на Комисијата за односи со Словенците во соседните држави и светот предводена од министерот за одбрана Николај Свинаров Франц Пукшиќ (21.11.2003);
- Искуството на Унгарија во процесот на интеграцијата-амбасадорот Донато Кијарини и амбасадорот на Република Унгарија (03.12.2003)
- Делегација на Ад-хок комисијата за заштита и подршка на човековите права при Сенатот на Република Италија, предводена од претседателот Енрико Пјанета ( 19.07.2004);
- Делегација на донатори од Холандија (12.10.2004);
- извршниот директор на Проектот за меѓуетнички односи г-ѓа Ливија Плакас (15.12.2003);
- прием на д-р Димитри Рупел министер за надворешни работи на Република Словенија (12.02.2004)
- Делегација на одборот за култура, спорт, образование на Република Словенија (12.03.2004)
- Делегација од Република Словенија-Министерот за правда г-ѓа Зденка Церар (21.05.2004)
- Делегација на парламентарци од Босна и Херцеговина

(30.06.2004)

- Претседателот на Србија и Црна Гора г-дин Светозар Маровиќ (06.07.2004)
- Сенатори од Италија во врска со проблемот на трговијата на луѓе и почитувањето на човековите права преку работата на Женското лоби во Република Македонија (19.07.2004)
- Генерале директор на занаетчиската комора "Кобленцг Р.Германија г-дин Карл Јурген Вилберт (14.09.2004)
- пратеник на Бундестаг Петра Блас координатор на ПЗ ЈИЕ (27.09.2004)

### Средби со амбасадори и други дипломатски претставници

- прием на амбасадорот на Република Полска г-дин Анджеј Добжински (08.10.2004)

- прием на шефот на мисијата на ОБСЕ во Скопје г-дин Карлос Поис (27.10.2004)
- амбасадор на Република Франција Вероник Бижон (29.10.2003)
- амбасадор на Кралството Белгија г-дин Едмунд де Велде (31.10.2003);
- амбасадор на Бразил г-дин Жозе Августо Линдгрен Алвес (5.11.2003);
- амбасадор на Шри Ланка г-дин Лаксир Мендис (07.11.2003)
- амбасадорот на Република Словенија г-дин Маријан Шифтар (10.11.2003)

**Учество на меѓународни конференции и манифестации во странство организирани од страна на невладини организации**

- *Тркалезна маса "Жените во власта и меѓуетничките односи" организирано од страна на Проектот за етнички односи поддржано од Стејт Департментот (Тирана 16/18.04.2004)*
- *Тркалезна маса "Жените во власта и меѓуетничките односи" организирано од страна на Проектот за етнички односи поддржано од Стејт Департментот (Блед 09/11.07.2004)*

- известител на комисијата за правни прашања и човекови права на Советот на Европа г-дин Ерик Јиргенс (12.11.2003)
- амбасадорот на Австрија (14.11.2003)
- амбасадорот на Романиа Мирцеа Кристе (01.12.2003)
- амбасадорот на Босна и Херцеговина г-дин Куленовиќ (11.12.2003)
- амбасадорот на Канада (28.01.2004)
- амбасадорот на Република Полска г-дин Анджеј Добжински (29.01.2004)
- прим на амбасадорот на Н.Р. Кина г-дин Чанг Вансиује амбасадор на Украина (25.02.2004)
- прием на амбасадорот на Кралството Норвешка г-дин Дак Малмер Халворсен (27.04.2004)
- амбасадорот на Руската Федерација (14.06.2004)
- прием на политичкиот набљудувач од одделот за политика на Европската мониторинг мисија, г-дин Себастијан Дворша
- амбасадорот на САД г-дин Лоренс Батлер(02.07.2004)
- амбасадорот на Швајцарија (07.07.2004)
- амбасадорот на САД г-дин Лоренс Батлер (14.09.2004)
- специјалниот преставник на Европската Унија г-дин Петерсен (20.07.2004)

## *г. Хисни Шаќири*

Потпретседателот на Собранието на Република Македонија реализирал голем број на активности коишто се состојат во редовно учество на седниците на Претседателството на Собранието на Република Македонија, кои се одржуваат еднаш неделно и кое разгледува важни прашања сврзани за тековните работи на Собранието, меѓународните активности, како и прашања од општ карактер.

Во споменатиот период, како пратеник редовно учествувал на сите пленарни седници на Собранието на Република Македонија.

Во својство на член на Законодавна-правната комисија, учествувал на 20 седници, а како член на Комисијата за прашања на изборите и именувањата учествувал на 11 седници.

Во текот на овој период, реализирани се многубројни средби со претставници на Дипломатските и конзуларните претставништва како и претставници на институции на странските

земји и меѓународните организации во Република Македонија, како што се:

- претставници на Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ) ;
- претставниците на Норвешкиот контингент на КФОР;
- унгарскиот амбасадор во Република Македонија, Ференц Пока;
- амбасадорот на Кралството Холандија, Фредерик Де Ман;
- шефот на Мисијата на Обединето Кралство;

### *Учество на семинари, работни посети во земјава и странство*

Во текот на изминатата година, учествувал на повеќе семинари, студиски посети, организирани од страна на НДИ и Британската Асоцијација за централна и источна Европа во соработка со British Council, на тема "Граѓанска обука и најновите достигнувања во Обединетото Кралство во ова поле".

Остварена е посета на неколку земји на Западна Европа со цел остварување на средби со иселениците од Република Македонија (ноември 2003).

Во организација на НДИ, остварена студиска посета на Долниот дом на Обединетото Кралство во функција на запознавање со работата на Долниот дом. Во рамките на ова посета, реализирана средба со потпретседателот на Долниот дом. (ноември 2004).

- претставници на НДИ во Скопје, Република Македонија;
- Делегацијата од Парламентот на Косово;
- првиот секретар на Амбасадата на Република Бугарија во Република Македонија;
- повеќе средби со министрите на Владата на Република Македонија;
- средби со координатори на други политички партии во Парламентот;
- учество на повеќе средби и приеми во странските амбасади како и во Кабинетот на Претседателот на Собранието на Република Македонија, Кабинетот на Претседателот на Државата и Премиерот на Владата на Република Македонија ;
- учество на повеќе свечености орагнизирани по повод одбележување на значајни датуми на Република Македонија, доделување на признанија и награди и др.
- Учество на студиска посета во Северна Ирска ;
- многубројни средби со странки-граѓани на Република Македонија.

# 5. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

***Парламентарната соработка на Собранието на Република Македонија се базира на уставните и законските решенија со кои се дефинираат надлежностите на парламентот за оваа област:***

***Парламентарната дипломатија е насочена кон:***

- ***натамошно приближување на замјата кон европските и евроатлантските структури;***
- ***јакнење на односите со земјите кои се стратешки важни за надворешната политика на Република Македонија;***
- ***развивање на регионалната соработка и стабилност во Југоисточна Европа***

## 5.1. Мултилатерална соработка

### ПАРЛАМЕНТАРНО СОБРАНИЕ НА СОВЕТОТ НА ЕВРОПА

шеф на Делегацијата:
**д-р Елеонора Петрова-Митевска**
членови:
**Теута Арифи, Стојан Андов**
Заменици на членови:
**Андреј Жерновски, Ганка Самоиловска-Цветанова, Џевдет Насуфи**

Поткомисијата за културно наследство од 7 до 9 октомври 2004 година одржа седница во Скопје, Република Македонија.

Ад хок поткомисијата за одбележување на меѓународната година на слатките води 2003 и Колоквиум за заштита на трансграничните водни басени од 13 до 15 октомври 2003 г. одржа седница во Охрид, Република Македонија.

На Работилницата на Европскиот музејски форум, што се одржа од 23 до 25 октомври 2003 г. во Прато, Република Италија, во својство на претставник од Парламентарното собрание на Советот на Европа учествуваше д-р Елеонора Петрова-Митевска, шеф на Делегацијата на Собранието на РМ во Парламентарното собрание на Советот на Европа.

На седницата на Комисијата за економски прашања и развој, што се одржа на 12 и 13 ноември 2003 г. во Париз, Република Франција учествуваше Стојан Андов, член на Комисијата.

Во рамките на подготовката на Извештајот за обештетување на несловенечките штедачи од поранешна “Љубљанска банка“, известителот на Комисијата за правни прашања и човекови права Ерик Јиргенс, оствари официјална посета на Република Македонија на 12 и 13 ноември 2003 година.

Во рамките на активностите на Делегација та на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Советот на Ев-

ропа д-р Елеонора Петрова-Митевска, шеф на Делегацијата, на 25 ноември 2003 година оствари работна средба со Н.Е. амбасадор на Република Словенија во Република Македонија г. Марјан Шифтар.

На седницата на Поткомисијата за културно наследство, што се одржа на 4 декември 2004 г. во Париз, Република Франција, учествуваше д-р Елеонора Петрова-Митевска, шеф на Делегацијата и известител за *"Културите на дијаспората"*.

На седницата на Комисијата за социјални, семејни и здравствени прашања, што се одржа од 11 до 13 декември 2003 година, учествуваше Андреј Жерновски, член на Комисијата.

Во рамките на активностите на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Советот на Европа, д-р Елеонора Петрова-Митевска, шеф на Делегацијата, на 21 јануари 2004 г. оствари работна средба со Н.Е. В.Д. амбасадор на Украина во Република Македонија г. Володимир Толкач.

На Првиот дел од Редовната годишна сесија на Парламентарното собрание на Советот на Европа, што се одржа од 26 до 30 јануари 2004 г., учествуваше Делегација на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Советот на Европа во состав: д-р Елеонора Петрова-Митевска, Ганка Самоиловска-Цветанова и Џевдет Насуфи.

На студиски престој во Парламентарното собрание на Советот на Европа, од 26 до 30 јануари 2004 година престојуваше Александар Новакоски, генерален секретар на Собранието на Република Македонија.

Согласно со Одлуката за основање делегации, пратенички групи и други облици на остварување на меѓународната соработка на Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 85/2002) се формирани постојани делегации во следниве мултилатерални меѓународни организации:

- **Парламентарното собрание на Советот на Европа,**
- **Парламентарното собрание на ОБСЕ,**
- **Интерпарламентарната унија,**
- **Парламентарната димензија на ЦЕИ и**
- **Парламентарното собрание на НАТО и за соработка со Европскиот парламент.**

Собранието на Република Македонија учествува во работата и на:

- **СЗЕУ (Собрание на Западноевропска унија) - статус на специјален гостин и**
- **Парламентарното собрание на Франкофонијата.**

Во рамките на активностите на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Советот на Европа д-р Елеонора Петрова-Митевска, шеф на Делегацијата, на 19 февруари 2004 г. оствари работна средба со Н.Е. амбасадор на Обединетото Кралство во РМ г. Џорџ Едгар.

На седницата на Мониторинг комисијата, што се одржа на 3 март 2004 година во Париз, Република Франција, учествуваше д-р Елеонора Петрова-Митевска, член на Комисијата.

На седницата на Комисијата за политички прашања, што се одржа на 8 март 2004 г. во Љубљана, Република Словенија, учествуваше Андреј Жерновски, заменик на член на Комисијата.

На Вториот дел од Редовната годишна сесија на Парламентарното собрание на Советот на Европа, што се одржа од 26 до 30 април 2004 година, учествуваше д-р Елеонора Петрова-Митевска, шеф на Делегација на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Советот на Европа.

Во рамките на активностите на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Советот на Европа д-р Елеонора Петрова-Митевска, шеф на Делегацијата, на 7 мај 2004 г. оствари работна средба со Н.Е. в.д. амбасадор на Украина во Република Македонија г. Володимир Толкач.

Во организација на Советот на Европа, во Стразбург, Република Франција, од 17 до 19 мај 2004 година се одржа Конференција на претседатели на европските парламентарни собранија. На Конференцијата учествуваше д-р Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија и Александар Новакоски, генерален секретар на Собранието.

На Третиот дел од Редовната годишна сесија на Парламентарното собрание на Советот на Европа, што се одржа од 21 до 25 јуни 2004 година, учествуваше Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното Собрание на Советот на Европа во состав: д-р Елеонора Петрова-Митевска, Андреј Жерновски и Џевдет Насуфи.

Во организација на Советот на Европа и *“Политичката Школа-Скопје“*, од 21-25 јуни 2004 година во Стразбург, Република Франција се одржа Семинар за парламентарци, на кој учествуваа пратениците Славица Грковска и Иван Анастасовски.

На Четвртиот дел од Редовната годишна сесија на Парламентарното собрание на Советот на Европа, што се одржа од 4 до 8 октомври 2004 година, учествуваше Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Советот на Европа во состав: д-р Елеонора Петрова-Митевска, Андреј Жерновски, Ганка Самоиловска-Цветанова и Џевдет Насуфи.

Од Парламентарното собрание на Советот на Европа во извештајниот период се обработени 233 документи.

OSCE PA

## ПАРЛАМЕНТАРНО СОБРАНИЕ НА ОБСЕ

шеф на Делегацијата: **Ѓорѓи Трендафилов**
членови: **Благој Голомеов** и **Хусеинџеват Хусеини**.

На есенската сесија на Парламентарното собрание на ОБСЕ, одржана од 9 до 12 октомври 2003 година, во Рим, Италија, учествуваа Ѓорѓи Трендафилов и Благој Голомеов.

На Зимската сесија на ПС на ОБСЕ и на седницата на Постојаниот комитет, одржани на 19 и 20 февруари 2004 година во Виена, Австрија, учествуваа Благој Голомеов и Хусеинџеват Хусеини.

Во организација на ОБСЕ, од 1 до 4 март 2004, г. во Будва, Србија и Црна Гора

беше одржан Регионалниот состанок на генералните секретари, на кој учествуваше Александар Новакоски, генерален секретар на Собранието на Република Македонија.

На Конференцијата за парламентарен надзор на вооружените сили и полицијата и безбедностните сили во зоната на ОБСЕ, одржана од 24 до 25 мај 2004 година во Виена, Австрија, учествуваа Благој Голомеов и Хусеинџеват Хусеини.

На 13 годишна сесија на ПС на ОБСЕ, одржана од 5 до 9 јуни во Единбург, Велика Британија, учествуваа Ѓорѓи Трендафилов, Хусеинџеват Хусеини и Благој Голомеов.

На Конференцијата за трговија со луѓе, одржана од 30 октомври до 2 ноември 2004 година, Родос, Грција учествуваа Ѓорѓи Трендафилов, Хусеинџеват Хусеини и Благој Голомеов.

Од Парламентарното собрание на ОБСЕ во извештајниот период се обработени 43 документа.

## ИНТЕРПАРЛАМЕНТАРНА УНИЈА

шеф на Делегацијата:
**д-р Љупчо Јордановски**
Членови: **Каролина Ристова, Чедомир Краљевски, Ангелка Пеева-Лауренчиќ** и **Исмет Рамадани**.

На Семинарот за претседавачите и членовите на парламентарните тела за човекови права, одржан од 15 до 17 март 2004 година во Женева, Швајцарија, учествуваа пратеникот Блаже Стојаноски, член на Постојаната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот.

На 110 Собрание на ИПУ што се одржа 18 до 23 април 2004 година во Мексико Сити, Мексико учествуваше Делегација на Собранието на Република Македонија во состав: Исмет Рамадани, шеф на Делегацијата, Каролина Ристова, Чедомир Краљевски и Ангелка Пеева-Лауренчиќ, членови.

На 111 Собрание на ИПУ што се одржа од 28 септември до 1 октомври 2004 г. во Женева, Швајцарија учествуваше Делегација на Собранието на Република Македонија во состав: Ангелка Пеева Лауренчиќ, В.Д. шеф на Делегацијата, Каролина Ристова, Чедомир Краљевски и Исмет Рамадани, членови и Рокса Георгиевска, заменик на генералниот секретар на Собранието на Република Македонија.

Од ИПУ во извештајниот период се обработени 83 документа.

## ПАРЛАМЕНТАРНА ДИМЕНЗИЈА НА ЦЕИ

шеф на Делегацијата:
**Трифун Костовски**
членови: **Сашо Дохчев** и **Замир Дика**

Членот на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Централноевропската иницијатива Сашо Дохчев учествуваше на состанокот на Тројките на владината, парламентарната и бизнис димензија

на ЦЕИ што се одржа на 11 декември 2003 година во Трст, Италија.

Членот на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Централноевропската иницијатива Сашо Дохчев учествуваше на Вонредната седница на Постојаниот комитет на Парламентарното собрание на ЦЕИ и шефовите на националните парламентарни делегации во Централноевропската иницијатива, што се одржа на 7 и 8 мај 2004 година во Верчели, Италија.

Македонската парламентарна делегација во Централноевропската иницијатива не учествуваше на двете редовни годишни седници на Парламентарното собрание на ЦЕИ, одржани од 2 до 4 октомври 2003 г. во Варшава, Полска и од 16 до 18 септември 2004 г. во Љубљана, Словенија и на редовната годишна седница на Парламентарниот комитет на ЦЕИ, одржана од 18 до 20 март 2004 година во Љубљана, Словенија.

Од Парламентарната димензија на ЦЕИ во извештајниот период се обработени 28 документа.

## ПАРЛАМЕНТАРНО СОБРАНИЕ НА НАТО

шеф на Делегацијата: **Теута Арифи**
членови **Слободан Чашуле** и **Есад Рахиќ**

НАТО на 17 и 18 октомври 2003 г. во Брисел, Белгија организираше конференција *“Обезбедување на мирот: Улогата на НАТО во управување со кризи“*. На Конференцијата учествуваа пратениците Тито Петковски и Агрон Буџаку.

Во рамките на редовните активности на ПС на НАТО од 7 до 11 ноември 2003 г. во Орландо, САД се одржа 49 Годишно редовно заседание на кој учествуваше Слободан Чашуле, член на Делегацијата.

Во организација на ПС на НАТО на 7 и 8 декември 2003 г. во Вашингтон, САД се одржа Трансатлантски форум на кој учествуваше пратеникот Слободан Чашуле, член на Делегацијата.

На 18 и 20 март 2004 година во Сараево, Босна и Херцеговина се одржа РОС-РОТ семинар на кој учествуваше пратеникот Есад Рахиќ, член на Делегацијата.

Во рамките на посетата на Политичкиот комитет, односно Поткомитет за Централна и Источна Европа на ПС на НАТО што се оствари на 5 и 6 април 2004 г. во Белград, Србија и Црна Гора учествуваше пратеникот Есад Рахиќ.

Во рамките на редовните активности на ПС на НАТО од 28 мај до 1 јуни 2004 г. во Братислава, Словачка се одржа Пролетната сесија на ПС на НАТО на која учествуваа пратениците Теута Арифи, Слободан Чашуле и Есад Рахиќ.

На 29 и 30 јуни 2004 година претседателот на ПС на НАТО Даглас Биројтер ја посети Република Македонија.

Од 12 до 16 јули 2004 година во Брисел, Белгија се одржа обука на млади парламентарци на која учествуваа пратениците: Талат Џафери и Наташа Биковска.

Во рамките на студиската посета на Турција организирана од ПС на НАТО што се

одржа од 5 до 11 септември 2004 г. учествуваа пратениците Есад Рахиќ и Слободан Чашуле.

Во организација на ПС на НАТО и Собранието на Република Македонија од 25 до 27 септември 2004 година во Охрид, Република Македонија се одржа 57. РОС-РОТ семинар *“Кон интеграција: Напредок и предизвици на Балканот“*.

Од Парламентарното собрание на НАТО во извештајниот период се обработени 86 документа.

## ДЕЛЕГАЦИЈА ЗА СОРАБОТКА СО ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ

претседател на Делегацијата:
**Лилјана Ивановска**
заменик на претседателот:
**Благородна Мингова Крепиева**
членови:**Наташа Биковска, Зоран Томиќ, Сашко Кедев, Ганка Самоиловска-Цветанова, Теута Арифи, Јусуф Арифи** и **Неждед Мустафа**

Европскиот парламент на 10 и 11 ноември 2003 г. во Брисел, Белгија организираше Колоквиум на тема *“Трансевропско поврзување“* на кој учествуваа пратениците Хусеин Хусенџевад и Емилија Костадинова.

Деветтата меѓупарламентарна средба на делегации на Собранието на Република Ма-кедонија и Европскиот парламент се одржа на 20 и 21 јануари 2004 г. во Брисел, Белгија. Делегацијата ја сочинуваа пратениците: Лилјана Ивановска, Благородна Мингова Крепиева, Зоран Томиќ, Теута Арифи, Јусуф Арифи, Цветанка Ивановска, Ганка Самоиловска Цветанова, Сашко Кедев, Неждед Мустафа.

Александар Новакоски, генералниот секретар на Собранието го посети Европскиот парламент од 13 до 15 мај 2004 г.

Александар Новакоски, генерален секретар на Собранието, од 13 до 22 септември 2004 година во рамките на ЕУ ВИСИТОРС ПРОГРАМ оствари работна посета на Европските институции.

Во организација на Европскиот парламент на 20 и 21 септември 2004 година во Брисел, Белгија се одржи колоквиум за парламентарци *“Младите и образованието во земјите од Западен Балкан“*. Учествуваа пратениците Абдилаќим Адеми, Славица Грковска, д-р Нелко Стојаноски и Слободан Чашуле.

Во организација на ЕП на 11 и 12 октомври 2004 година во Брисел, Белгија се одржа Колоквиум за парламентарци *“Приватизацијата во земјите од Западен Балкан“*. Учествуваа пратениците: Зоран Заев, Зоран Шапуриќ, Зоран Крстевски, Ружди Матоши и Рафис Алити.

Од Европскиот парламент во извештајниот период се обработени 67 документа.

## СОБРАНИЕ НА ЗАПАДНОЕВРОПСКАТА УНИЈА

членови: **Кенан Хасипи** и **Зоран Крстевски**

На Вториот дел на 49 седница на СЗЕУ, што се одржа од 1 до 4 декември 2003 годи-

на во Париз учествуваа пратениците Кенан Хасипи и Зоран Крстевски.

На Парламентарниот семинар на тема *"Европската безбедностна и одбранбена политика: како да се справиме со новите закани"*, што се одржа на 9 и 10 февруари 2004 г. во Валенсија, Шпанија учествуваа пратениците Кенан Хасипи и Зоран Крстевски.

Пратениците Тито Петковски, претседател на Комисијата за одбрана и Талат Џафери и Коце Трајановски, членови на Комисијата на 4 мај 2004 година во Скопје оствариjа средба со г. Џон Вилкинсон, потпретседател на СЗЕУ и известител на Политичката комисија на СЗЕУ за извештајот на тема *"Стабилизационите мисии на Европската унија во Југоисточна Европа"*.

На Првиот дел на 50. седница на СЗЕУ, што се одржа од 2 до 4 јуни 2004 г. во Париз, Франција учествуваа пратениците Ќенан Хасипи, Зоран Крстевски.

Од СЗЕУ во извештајниот период се обработени 19 документа.

ASSEMBLÉE PARLEMENTAIRE DE LA FRANCOPHONIE

## ПАРЛАМЕНТАРНО СОБРАНИЕ НА ФРАНКОФОНИЈАТА

Секцијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Франкофонијата од парламентарниот состав 2002-2006 е конституирана на 10 февруари 2003 г. Секцијата има Биро на Секцијата и Делегација на Секцијата. Бирото на Секцијата го сочинуваат пратениците Славица Станковска, претседател на Секцијата, Илјаз Халими, прв потпретседател, Нелко Стојаноски, потпретседател, Хусеинџеват Хусеини, потпретседател, д-р Елеонора Петрова-Митевска, Лилјана Ивановска, Џезаир Шаќири и Зуди Џелили, членови на Бирото.

Бирото на Секцијата досега има одржано шест седници, а Делегацијата на Секцијата два состаноци. На овие седници беа разгледувани активностите на Бирото и Делегацијата на Секцијата на Собранието на Република Македонија во ПСФ за учество на редовните сесии, конференции и состаноци на ПСФ.

### Делегација на Секцијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на франкофонијата

шеф на Делегацијата: **Славица Станковска**
членови: **Нелко Стојаноски, Хусеинџеват Хусеини** и **Илјаз Халими**.

Во рамките на Акционата програма за соработка на Парламентарното собрание на франкофонијата, остварен е студиски престој во Европскиот парламент и Француската алијанса во Брисел, од 4 до 12 октомври 2003 г., во Брисел, Белгија. Учествуваа пратениците Славица Станковска, Хусеинџеват Хусеини и Нелко Стојановски.

Во организација на ПСФ и Светската банка беше остварена теренска посета во Србија и Црна Гора, од 30 октомври до 4 ноември 2003 година, во Белград и Подгорица, Србија и Црна Гора. Учествуваше пратеникот Славица Станковска.

Во рамките на програмата за помош на парламентите на земјите членки на ПСФ, е остварено учеството на Илјаз Халими на Семинарот за парламентарци за *“Добро владеење“*, одржан од 26 до 28 ноември во Либревил, Габон.

На состанокот на Комисијата за образование, комуникации и културни прашања, одржан на 16 и 17 април 2004 година во Буку-решт, Романија, учествуваше пратеникот Хусеинџеват Хусеини.

На Конференцијата на Парламентарната мрежа на ПСФ за борба против ХИВ/ СИДА, одржана од 20 до 22 април 2004 г. во Брисел, Белгија, наместо Славица Станковска, учествуваше пратеникот д-р Нелко Стојаноски како известител за Националната програма на Република Македонија за борба против ХИВ/СИДА 2003-2006.

Остварена е средба на членовите на Бирото на Секцијата со набљудувачката мисија на Франкфонијата на претседателските избори, на 29 април 2004 година, во Скопје, Република Македонија.

На Конференцијата на претседатели на секции на ПСФ-Регион Европа, одржана на 10 и 11 мај 2004 г., во Варшава, Полска, учествуваше пратеникот д-р Нелко Стојаноски.

На седницата на Комисијата за соработка и развој, што се одржа од 24 до 26 мај 2004 година, во Маракеш, Мароко, учествуваше д-р Нелко Стојаноски, член на Комисијата.

На 30 Редовна сесија на Парламентарното собрание на Франкофонијата, што се одржа од 4 до 7 јули 2004 година, во Шарлоттаун, Канада, учествуваа пратениците Славица Станковска и Илјаз Халими.

На 17 Собрание на ПСФ-Регион Европа, што се одржа од 26 до 30 октомври 2004 г., во Вале д’Аоста, Италија, учествуваа пратениците Славица Станковска, Хусеинџеват Хусеини, д-р Нелко Стојаноски известител на првата комисија на тема *“Интеграција на Република Македонија во ЕУ-улогата на франкофонските земји“* и Зиди Џелили.

Од Парламентарното собрание на Франкофонијата во извештајниот период се обработени 120 документа.

## ДРУГА МУЛТИЛАТЕРАЛНА СОРАБОТКА

На Цетинскиот парламентарен форум, што се одржа на 9 февруари 2004 година во Цетиње, Србија и Црна Гора учествуваше Лилјана Поповска, потпретседател на Собранието.

Во организација на RACVIAC-Форум за зајакнување на довербата во Југоисточна Европа на 23 и 23 февруари 2004 година во Загреб, Хрватска се одржа семинар на тема *“Контрола на оружјето во земјите на ЈИЕ“*. На семинарот учествуваше пратеникот Јанаќе Витановски.

Во организација на Маршаловиот центар за безбедностни студии на 13 до 16 март 2004 година во Берлин, Германија се одржа Конференција *“НАТО, ЕАПС и ОБСЕ: Синергија во прогрес“*. Учествуваше пратеникот Талат Џафери.

Од другата меѓународна кореспонденција во извештајниот период се обработени 171 документ.

## АКТИВНОСТИ НА ПРАТЕНИЧКИТЕ ГРУПИ ЗА СОРАБОТКА СО ПАРЛАМЕНТИ НА ОДДЕЛНИ ДРЖАВИ

Претседателот на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Романија, Цветле Јанеска, на 20 ноември 2003 г. оствари работна средба со Н.Е. Мирчеа Кристе, амбасадор на Романија во Република Македонија.

Во Собранието на Република Македонија на 3 декември 2003 година се оствари средба на Пратеничката група за соработка со Парламентот на Кралството Шведска со Н.Е. Ларс-Горан Енгфелдт, амбасадор на Кралството Шведска.

Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска, на 4 декември 2003 година оствари средба со Ендрју Хедли, директор на Британскиот совет во Република Македонија.

Претседателот на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Кралството Норвешка Марија Којзеклиска, на 17 декем-

**Согласно со *Одлуката за основање на пратенички групи на Собранието на Република Македонија за билатерална парламентарна соработка* („Службен весник на Република Македонија" број 12/2003) формирани се 41 пратеничка група за соработка со парламенти на одделни држави, и тоа со:**

**-Австрија,**
**-Албанија,**
**-Балтички земји: Естонија, Летонија и Литванија,**
**-Кралството Белгија,**
**-Босна и Херцеговина,**
**-Бугарија,**
**-земјите од Блискиот и Средниот Исток,**
**-Сојузна Република Германија,**
**-Република Грција,**
**-Кралството Данска,**
**-Државата Израел,**
**-Исламската Република Иран,**
**-Република Ирска,**
**-Република Исланд и Кралството Норвешка,**
**-Република Италија,**
**-Царството Јапонија,**
**-Србија и Црна Гора,**
**-Народна Република Кина,**
**-Канада,**
**-Големото Војводство Луксембург,**
**-Република Кипар,**
**-Република Монголија,**
**-Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска,**
**-Република Полска,**
**-Република Португалија,**
**-Република Романија,**
**-Руска федерација,**
**-САД,**
**-Словачката Република,**
**-Република Словенија,**
**-Република Турција,**
**-Украина,**
**-Република Унгарија,**
**-Република Финска,**
**-Република Франција,**
**-Кралството Холандија,**
**-Република Хрватска,**
**-Чешката Република,**
**-Конфедерацијата Швајцарија,**
**-Кралството Шведска,**
**-Кралството Шпанија.**

ври 2003 година оствари средба со Н.Е. Даг Малмер Халворсен, амбасадор на Кралството Норвешка во Република Македонија.

Делегација на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Украина, во состав Слободан Даневски, претседател на Групата, Ристе Бислимовски и Ванчо Стаменковски, членови, на 11 и 12 декември 2003 година оствари посета на Украинскиот парламент.

Во Собранието на Република Македонија на 24 март 2004 година се одржа средба на Пратеничката група за соработка со Парламентот на Сојузна Република Германија со Н.Е. амбасадорот на СР Германија, Ирене Хиндриксен.

Делегацијата на Групата на Латвискиот парламент за соработка со Парламентот на Република Македонија од 25 до 28 мај 2004 г. ја посети Република Македонија.

Германскиот Бундерстаг и Хумболт Универзитетот од Берлин во соработка со Собранието на Република Македониа организираа учество на млади од Република Македонија во традиционалниот Меѓународен парламентарен практикум што треба да се одржи од 1 март до 31 јули 2005 година. Германскиот Бундестаг обезбедува средства за три стипендии за учесници од Република Македонија.

Во официјална посета на Република Македонија од 27 до 29 јуни 2004 година престојуваше Делегација на Пратеничката група на Државниот збор за соработка со Република Македонија.

Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на државата Израел, на 8 јули 2004 година оствари средба со Н.Е. г-ѓа Јафа Бен Ари, амбасадор на Израел во Република Македонија.

Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска на 9 јули 2004 година оствари средба со Ендрју Хедли, директор на Британскиот совет во Република Македонија.

Делегација на Групата на Полскиот парламент за соработка со Парламентот на Република Македонија на 15 до 18 септември 2004 г. ја посети Република Македонија.

Претседателот на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Царството Јапонија Коста Прешоски, на 17 септември 2004 година оствари средба со Шого Араи, парламентарен секретар во Министерството за надворешни работи на Јапонија.

Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска на 24 септември 2004 година оставри средба со Н.Е. амбасадор на Обединетото Кралство во Република Македонија Роберт Чатертон Диксон.

Од активностите на пратеничките групи на Собранието на Република Македонија за соработка со парламенти на одделни држави во извештајниот период се обработени 120 документа.

## ДРУГА БИЛАТЕРАЛА

Шведскиот парламент од 17 до 28 ноември 2003 година во Стокхолм, Шведска организираше семинар за парламентарна демократија и управување со парламенти. На семинарот учествуваа пратениците Андреј Жерновски, Марија Којзеклиска и Хусеинџевад Хусеини.

Генералниот секретар на Собранието на Република Македонија, Александар Новакоски, како и Фелек Касами, заменик на генералниот секретар, оствари студиска посета на Националното собрание на Република Франција, во периодот од 22 до 30 ноември 2004 година.

Во рамките на билатералната соработка на Собранието на Република Македонија со Националното собрание на Република Франција, од 22 до 25 јуни 2003 година во Скопје беа одржани два семинара за информирање за европски прашања (за пратениците и за Службата на Собранието).

Потпретседателот на Собранието на Република Македонија Лилјана Поповска, на 21 ноември 2003 година оствари средба со делегација на Словенечкиот парламент од Комисијата за односи со Словенците во соседните држави.

Во рамките на Проектот *“Форум Обединето Кралство-Југоисточна Европа“,* во Сплит, Република Хрватска се одржа Регионален состанок на Форумот, на кој учествуваше Славица Грковска.

Во организација на Долниот дом на Италијанскиот парламент, на 17 и 18 октомври 2004 година во Рим, Република Италија, се одржа Светска конференција на жени-парламентарки, посветена на заштитата на децата и младите. На Конференцијата учествуваа Цветле Јанеска и Ристана Лалчевска.

### Меѓународен институт за демократија

Во заедничка организација на Меѓународниот институт за демократија и Романскиот парламент во Букурешт, Романија, на 7 и 8 октомври 2003 година се одржа Семинар на тема "Од Советот на Европа до европската интеграција", на кој учествуваа пратениците Зоран Шапуриќ, Ана Андова и Недим Рамизи.

Во заедничка организација на Меѓународниот институт за демократија и Собранието на Република Македонија, од 2 до 4 јуни 2004 година во Скопје, Република Македонија се одржа Третата меѓународна Конференција на жени-парламентарки од Југоисточна Европа.

### ЕЦПРД

### (Европски центар за парламентарно истражување и документација)

На Годишниот состанок на кореспондентите, што се одржа од 9 до 11 октомври 2003 година во Стразбург, Република Франција, учествуваше Рокса Георгиевска, заменик на генерален секретар на Собранието на Република Македонија.

На Годишниот состанок на кореспондентите, што се одржа од 14 до 16 октовмри 2003 година во Берлин, Сојузна Република Германија, учествуваше Рокса Георгиевска, заменик на генерален секретар на Собранието на Република Македонија.

### Центар за европска безбедност-Гронинген

Во рамките на Проект за земјите од Југоисточна Европа, Центарот за европска безбедност од Гронинген, Холандија од 2 до 5 октомври 2003 г. во Охрид, Република Македонија организираше Семинар на тема *"Демократски надзор над надворешната и внатрешната безбедностна политика"*. На семинарот учестуваа пратениците д-р Михајло Георгиевски, Слободан Даневски, Талат Џафери, Благоја Гешоски, Весна Борозан, Ефтим Манев, Тито Петковски, Есад Рахиќ, Ејуп Рустеми, Коце Трајановски и Ѓорѓи Трендафилов.

Во рамките на Проект за земјите од Југоисточна Европа, Центарот за европска безбедност од Гронинген, Холандија од 13 и 15 ноември 2003 г., во Софија, Бугарија се одржа семинар за *"Демократски надзор на безбедностниот сектор во Југоисточна Европа"*.На семинарот учествуваа пратениците Коце Трајановски, Јанаќе Витановски, Ефтим Манев, Ејуп Рустеми и Талат Џафери.

### Процес за соработка во Југоисточна Европа (ПС ЈИЕ)

Во заедничка организација на ПС ЈИЕ и Романскиот парламент, на 11 и 12 октомври 2004 година во Букурешт, Романија се одржа Конференција за формирање на енергетската заедница во Југоисточна Европа. На Конференцијата учествуваа Весна Борозан, Емилија Костадинова, Јусуф Арифи, Невзат Бејта и Илјаз Халими.

### ИСТ-ВЕСТ ИНСТИТУТ

На состанокот на Проектот за европски парламентарни мрежи, што се одржа на 23 октомври 2004 година во Братислава, Словачка, учествуваше Лилјана Поповска, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

# 6. ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ПОЗНАЧАЈНИ НАСТАНИ

## ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА 60 ГОДИНИ АСНОМ и ИЛИНДЕН

*31 јули 2004*

***Скопје***

Свечена седница на Собранието на Република Македонија (обраќање на претседателот д-р Љупчо Јордановски; прием).

***Велес***

Претседателот на Собранието д-р Љупчо Јордановски положи венец на обележјата на:

- Панко Брашнаров (откривање на спомеников);
- Спомен - костурницата на загинатите борци од НОБ и
- спомеников на гемиџиите.

## ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ИЛИНДЕН

*2 август 2004*

***Пелинце:***

Претседателот на Собранието д-р Љупчо Јордановски присуствуваше на отварањето на меморијалниот центар Пелинце и ја предводеше Делегацијата на Собранието која положи венец на спомен - обележјето;

***Манастир “Прохор Пчињски“:***

Претседателот на Собранието д-р Љупчо Јордановски член на Државната делегација која положи венец во манастирот ”Прохор Пчињски”;

***Крушево:***

Собраниска делегација положи венец на спомеников на Мечкин камен во Крушево.

## ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА 8 СЕПТЕМВРИ

*8 Септември 2004*

Отворање на Спомен собата на АСНОМ од страна на г. Киро Глигоров, прв претседател на Република Македонија. По тој повод приреди прием д-р Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

# 7. Јавност во работата и е-Парламент

**За следење на активностите на Собранието се акредитирани вкупно 788 претставници на средствата за јавно информирање. Од нив, најголем број се од МРТВ - 237, а најмал од Румели ФМ и Заман - по еден. Правата, должностите и одговорноста на претставниците на средствата за јавно информирање се одредени со Правилник донесен од претседателот на Собранието ("Службен весник на РМ" број 89/2002).**

**На претставниците на средствата за јавно информирање на располагање им е модерно опремен прес центар со телефонски линии и компјутери. Редовно по пошта се испраќаат материјали од активностите на Собранието на сите акредитирани медиуми, а уште една копија се дистрибуира во 38 фаха кои се наоѓаат во фоајето пред прес центарот.**

*За непосредно запознавање со работата на Собранието на Република Македонија и со пратениците, како дел од програмираните активности за граѓанско образование, постојан е интересот на универзитетите, основните, средните училишта, невладиниот сектор, како и странски делегации и работни групи.*

Остварени се вкупно 16 организирани посети:

- студенти од Универзитетот во Скопје;
- студенти од Универзитетот во Осло;
- студенти од Штуловиот универзитет;
- ученици од основни училишта;
- ученици од средното образование;
- деца од предучилишна установа;
- Детска амбасада;
- Организација на жени од Македонија;
- пратеници од БиХ;
- млади дипломати од Република Грција;
- учесници на ЈЕФ Баден семинарот;
- претставници на Младинскиот образовен форум на Македонија.




**Секојдневно се ажурира содржината на WEB страницата со најнови информации, соопштенија и најави на претстојни активности на Собранието**

**Во делот од WEB страницата која се однесува на активностите на претседателот овозможена е директна електронска врска со претседателот на Собранието. Сите пристигнати и одговорени прашања и коментари се објавуваат на WEB страницата**



*Целосната транспарентност во работата на Собранието се огледува и преку содржината на WEB страницата која секојдневно се збогатува со нови податоци*







## ПРЕБАРУВАЊЕ ПО СТЕНОГРАФСКИТЕ БЕЛЕШКИ И АУДИО ЗАПИСИ НА ГОВОРИ






## ДНЕВНИ РЕДОВИ НА СЕДНИЦИ СО ЛИНКОВИ ДО АКТИТЕ КОИ СЕ РАЗГЛЕДУВААТ







## МОЖНОСТ ЗА УПАТУВАЊЕ НА АМАНДМАНИ






**ОТВОРЕН Е ЛИНК ДО КАНЦЕЛАРИЈАТА ЗА КОНТАКТ МЕЃУ НВО-и И СОБРАНИЕТО**






# 8. СЛУЖБА

Стручните и другите работи на Службата на Собранието на Република Македонија, што ги извршува за потребите на Собранието, работните тела и пратениците, се регулирани со член 238 од Деловникот за работата на Собранието, а организацијата и начинот на функционирање се утврдени со Правилникот за внатрешна организација и делокруг и со Правилникот за систематизација на работните места во Службата.




Службата на Собранието перманентно е вклучена во обезбедување на стручна помош на пратениците во извршувањето на нивните пратенички обврски, првенствено преку изготвување на предлози на закон и, амандмани по закони, информации и мислења, обезбедување на дополнителни материјали, документи и податоци за одделни теми што се поставуваат на дневен ред на седниците и работни тела, како и при соработката на Собранието со меѓународни институции.

Со Службата раководи генералниот секретар Александар Новакоски а негови заменици се: Рокса Георгиевска и Фелек Касами.




*1-Раководни државни службеници*
*2-Стручни државни службеници*
*3-Стручно-административни државни службеници*
*4- Работници кои не се државни службеници*

## Преглед на секторите во Службата на Собранието

| назив на секторот | вкупен број на вработени во сектор | Државни службеници | | | работници кои не се државни службе-ници |
|---|---|---|---|---|---|
| | | рако-водни | стручни | стручно-админис-тративни | |
| *Кабинет на претседателот на Собранието* | *4* | *2* | - | *2* | - |
| *Сектор на генералниот секретар* | *23* | *7* | *12* | *4* | - |
| *Сектор за законодавство* | *5* | *4* | *1* | - | - |
| *Сектор за седници на Собранието* | *9* | *5* | *2* | *2* | - |
| *Сектор за работни тела на Собранието* | *17* | *6* | *11* | - | - |
| *Сектор за истражување и анализа* | *6* | *4* | *2* | - | - |
| *Сектор за меѓународна соработка на Собранието* | *3* | *2* | *1* | - | - |
| *Сектор за документација, библиотека и информатика* | *17* | *6* | *5* | *6* | - |
| *Сектор за финансиско-материјално работење* | *10* | *2* | - | *8* | - |
| *Сектор за административни и општи работи.* | *78* | *6* | *1* | *42* | *29* |
| *ВКУПНО:* | *172* | *44* | *35* | *64* | *29* |

## ВКУПНО: 16.195 страници стенограмски белешки



Преглед на заведени акти во Деловодникот на писарницата и архивата




*Преглед на испратени акти и пратки од писарницата и архивата*







Преглед на доставени акти за објавување во
"Службен весник на Република Македонија"
ВКУПНО: 303 акти и 4205 страници
Исправка на закон
4
4
Пречистен текст на закон
5
103
Закони и други акти
294
4.098
Број на акти
Број на страници
0
500
1.000
1.500
2.000
2.500
3.000
3.500
4.000
4.500


ИЗВРШЕН ПРЕВОД
4570 страници
2500
2000
1500
1000
500
0
1870
2300
140
76
134
50
англиски
албански
турски
француски
словенечки
германски

## ИЗМНОЖЕНИ МАТЕРИЈАЛИ

**Вкупно измножени:** **А4 формат: 3.006825 копии**

**А3 формат: 1.495.609 копии**



# PRILOG 1

*Pregled na odr`ani sednici*

| r.b. | sednica | data | den | ~as (od - do) |
|---|---|---|---|---|
| 1. | ^etiriesetta | 26.11.2003<br>03.12.2003<br>04.12.2003<br>05.12.2003 | -sreda<br>-sreda<br>-~etvrtok<br>-petok | 11,25 - 17,05<br>10,10 - 17,00<br>10,10 - 17,00<br>10,00 - 19,55 |
| 2. | ^etirieset i prva | 30.10.2003 | -~etvrtok | 10,25 - 16,15 |
| 3. | ^etirieset i vtora | 05.11.2003<br>06.11.2003<br>07.11.2003 | -sreda<br>-~etvrtok<br>-petok | 10,15 - 16,10<br>10,15 - 16,10<br>10,45 - 21,45 |
| 4. | ^etirieset i treta | 18.11.2003<br>19.11.2003<br>20.11.2003<br>21.11.2003<br>26.11.2003 | -vtornik<br>-sreda<br>-~etvrtok<br>-petok<br>-sreda | 10,20 - 16,00<br>10,15 - 21,45<br>10,25 - 12,00<br>10,05 - 16,00<br>10,05 - 11,25 |
| 5. | ^etirieset i ~etvrta | 27.11.2003 | -~etvrtok | 10,15 - 17,00 |
| 6. | ^etirieset i petta | 09.12.2003<br>10.12.2003<br>11.12.2003<br>12-13.12.2003<br>15-16.12.2003<br>16.12.2003<br>12.01.2004<br>13.01.2004<br>27.01.2004 | -vtornik<br>-sreda<br>-~etvrtok<br>-petok i sabota<br>-poned. i vtornik<br>-vtornik<br>-ponedelnik<br>-vtornik<br>-vtornik | 10,10 - 17,00<br>11,00 - 18,00<br>11,00 - 18,00<br>13,10 - 07,20<br>10,40 - 05,55<br>11,05 - 16,55<br>11,05 - 18,00<br>11,00 - 17,30<br>11,10 - 13,05 |
| 7. | ^etirieset i {esta | 28.11.2003 | -petok | 10,15 - 14,40 |
| 8. | ^etirieset i sedma | 18.12.2003 | -~etvrtok | 12,15 - 13,05 |
| 9. | ^etirieset i osma | 25.12.2003 | -~etvrtok | 11,05 - 18,10 |
| 10. | ^etirieset i devetta | 12.12.2003 | -petok | 11,35 - 13,10 |
| 11. | Pedesetta | 26.12.2003<br>27.12.2003<br>28-29.12.2003<br>29.12.2003<br>27.01.2004<br>30.01.2004<br>03.02.2004<br>04.02.2004<br>05.02.2004<br>11.02.2004<br>12.02.2004 | -petok<br>-sabota<br>-ned./pon.<br>-ponedelnik<br>-vtornik<br>-petok<br>-vtornik<br>-sreda<br>-~etvrtok<br>-sreda<br>-~etvrtok | 11,10 - 20,00<br>11,10 - 21,50<br>14,00 - 01,15<br>11,15 - 19,10<br>13,05 - 18,00<br>11,00 - 18,10<br>11,10 - 17,29<br>11,15 - 17,35<br>11,05 - 17,10<br>11,05 - 18,00<br>11,00 - 17,50 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | 16.02.2004<br>17.02.2004<br>18.02.2004<br>19.02.2004<br>20.02.2004<br>23.02.2004<br>24.02.2004<br>25.02.2004<br>12.03.2004<br>16.03.2004<br>04.05.2004<br>06.05.2004<br>18.06.2004 | -ponedelnik<br>-vtornik<br>-sreda<br>-~etvrtok po 53 sed.<br>-petok<br>-ponedelnik<br>-vtornik<br>-sreda<br>-petok<br>-vtornik<br>-vtornik<br>-~etvrtok<br>-petok | 11,10 - 17,45<br>11,00 - 18,00<br>11,05 - 17,45<br>15,00 - 18,00<br>11,05 - 18,00<br>11,00 - 17,57<br>11,00 - 18,00<br>11,15 - 17,10<br>10,10 - 17,00<br>11,10 - 15,05<br>10,15 - 14,30<br>11,45 - 14,40<br>12,30 - 15,00 |
| 12. | Pedeset i prva | 15.01.2004<br>16.01.2004<br>20.01.2004<br>21.01.2004<br>22.01.2004<br>23.01.2004<br>13.02.2004<br>12.03.2004 | -~etvrtok<br>-petok<br>-vtornik<br>-sreda<br>-~etvrtok<br>-petok<br>-petok<br>-petok | 11,10 - 18,00<br>11,10 - 17,15<br>11,05 - 19,25<br>10,10 - 15,55<br>12,00 - 17,05<br>11,10 - 17,50<br>11,05 - 16,15<br>10,05 - 10,1 |
| 13 | Pedeset i vtora | 29.01.2004 | -~etvrtok | 11,10 - 18,10 |
| 14. | Pedeset i treta | 06.02.2004<br>10.02.2004<br>19.02.2004<br>07.05.2004<br>11.05.2004<br>18.06.2004 | -petok<br>-vtornik<br>-~etvrtok<br>-petok<br>-vtornik<br>-petok | 11,15 - 18,10<br>11,10 - 17,55<br>11,05 - 14,55<br>10,10 - 15,55<br>10,05 - 15,55<br>15,05 - 15,10 |
| 15. | Komemorativna | 01.03.2004 | -ponedelnik | |
| 16. | Pedeset i ~etvrta | 25.03.2004 | -~etvrtok | 10,05 - 17,15 |
| 17. | Pedeset i petta | 19.03.2004<br>22.03.2004<br>23.03.2004<br>24.03.2004<br>26.03.2004<br>11.05.2004<br>18.05.2004<br>19.05.2004<br>20.05.2004<br>02.07.2004 | -petok<br>-ponedelnik<br>-vtornik<br>-sreda<br>-petok<br>-vtornik<br>-vtornik<br>-sreda<br>-~etvrtok<br>-petok | 11,35 - 16,55<br>10,05 - 17,00<br>10,05 - 17,00<br>10,15 - 16,50<br>16,15 - 16,50<br>15,55 - 17,00<br>10,10 - 17,05<br>10,05 - 17,05<br>11,15 - 17,00<br>14,40 - 15,05 |
| 18. | Pedeset i {esta | 08.03.2004 | -ponedelnik | 13,10 - 17,00 |
| 19. | Pedeset i sedma | 10.03.2004 | -sreda | 13,05 - 13,50 |
| 20. | Pedeset i osma | 18.03.2004 | -~etvrtok | 10,15 - 13,00 |
| 21. | Pedeset i devetta | 26.03.2004 | -petok | 10,15 - 16,15 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 22. | [eesetta | 30.04.2004 | -petok | 10,10 - 10,30 |
| 23. | [eeset i prva | 05.05.2004<br>06.05.2004 | -sreda<br>-~etvrtok | 10,10 - 17,45<br>11,05 - 11,45 |
| 24. | [eeset i vtora | 21.05.2004<br>25.05.2004<br>26.05.2004<br>28.05.2004<br>08.06.2004<br>09.06.2004<br>10.06.2004<br>11.06.2004 | -petok<br>-vtornik<br>-sreda<br>-petok<br>-vtornik<br>-sreda<br>-~etvrtok<br>-petok | 12,05 - 17,00<br>10,00 - 16,10<br>10,25 - 16,55<br>10,00 - 16,05<br>12,00 - 15,15<br>10,10 - 17,00<br>10,00 - 15,55<br>11,05 - 16,30 |
| 25. | [eeset i treta | 12.05.2004 | -sreda | 12,10 - 12,35 |
